ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
ЗА КРИМИНАЛОТ ОД ОМРАЗА

во 2014

ЗЛОСТОРСТВА ОД ОМРАЗА

Овој извештај е овозможен со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје во рамки на проектот „Унапредување на националната инфраструктура против злосторства од омраза и говор на омраза“. Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје

OSCE
Organization for Security and
Co-operation in Europe
OSCE Mission to Skopje

Издавач:
Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија
претставуван од претседател проф. д-р Гордан Калајџиев

Уредник:
Уранија Пировска

Автори:
д-р Воислав Стојановски
м-р Дрилон Исени
Павле Богоевски

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

343.542(497.7)(047)
316.613.43
343.41/.43(497.7)(047)

STOJANOVSKI, Voislav
Annual report on hate crimes for 2014
/ [authors Voislav Stojanovski, Drilon Iseni, Pavle Bogoevski]. - Skopje : Helsinki committee for human rights of the Republic of Macedonia, 2015. - 83 стр. : илустр. ; 21 см

ISBN 978-608-65216-9-1
1. Iseni, Drilon [автор] 2. Bogoevski, Pavle [автор]
а) Говор на омраза - Повреда на човекови права и слободи - - Извештаи б) Жртви на дела од омраза - Правна помош - - Извештаи
COBISS.MK-ID 98384650

ХЕЛСИНШКИ
КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Наум Наумовски Борче 83
1000, Скопје
Тел: +389 (0)2 3119 073
Факс: +389 (0)2 3290 469
Веб: www.mhc.org.mk
Е-пошта: helkom@mhc.org.mk

СОДРЖИНА

1. ЗА ПРОЕКТОТ 4
2. МЕТОДОЛОГИЈА 5
2.1 Следење на националните печатени и електронски медиуми 5
2.2 Обезбедување бесплатна правна помош за жртви 5
2.3 Следење судски случаи на злосторства од омраза 5
2.4 Известување за инциденти и злосторства од омраза до ОБСЕ/ОДИХР 5
2.5 Одржување на интерактивна веб-страница за пријавување злосторства од омраза 5
2.6 Обезбедување информации и ресурси за други граѓански организации 5
2.7 Учествување во обучувања и настани организирани од ОБСЕ/ОДИХР 5
2.8 Следење инциденти и злосторства од омраза за време на спортски настани 7
3. РЕЗИМЕ НА ГЛАВНИТЕ НАОДИ 7
3.1 Контекст 7
3.2 Број на инциденти 8
3.3 Видови злосторства 8
3.4 Инциденти според локација 9
3.5 Инциденти по месец 10
3.6 Инциденти според пристрасна мотивација 11
3.7 Жртви наспроти сторители 11
3.8 Инциденти за време на спортски настани 11
3.9 Статус на случаите 12
4. АКТИВНОСТИ НА ПРОЕКТНИОТ ТИМ 13
4.1 Обезбедување бесплатна правна помош за жртви 13
4.3 Следење судски случаи на злосторства од омраза 15
4.4 Подигнување на јавната свест 16
4.5 Следење инциденти и злосторства од омраза за време на спортски настани 17
5. ЗАКЛУЧОЦИ 18
6. ПРЕПОРАКИ 19
АНЕКС 20
ИНЦИДЕНТИ НА ЗЛОСТОРСТВА ОД ОМРАЗА 20

1. ЗА ПРОЕКТОТ

Овој извештај е резултат на проектот „Унапредување на националната инфраструктура против злосторства од омраза и говор на омраза“, финансиски поддржан од Мисијата на ОБСЕ во Скопје, а спроведен во периодот помеѓу 1 јануари и 31 декември 2014 г. Главната цел на проектот е да се зголеми разбирањето и засили капацитетот на институционалните и граѓански општествени чинители за ефикасно справување со злосторство од омраза и говор на омраза во согласност со домашното законодавство, заложбите на ОБСЕ и меѓународните стандарди. Една од главните цели на проектот е да се зголеми капацитетот на правните практичари и граѓанското општество за проследување и пријавување појави на злосторства од омраза во земјата. Овој извештај се предвидува да послужи како индикатор на опсегот, природата и зачестеноста на злосторствата од омраза извршени во земјата.

Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија (МХК) делуваше како извршен партнер и ги спроведе следниве активности во однос на злосторства од омраза:

1. Следење на националните печатени и електронски медиуми
2. Обезбедување бесплатна правна помош за жртви
3. Следење судски случаи на злосторства од омраза
4. Известување за инциденти и злосторства од омраза до ОБСЕ/ОДИХР
5. Одржување на интерактивна веб-страница за пријавување злосторства од омраза и подигнување на јавната свест
6. Обезбедување информации и ресурси за други граѓански организации
7. Учествување во обучувања и настани организирани од ОБСЕ/ОДИХР
8. Следење инциденти и злосторства од омраза за време на спортски настани

2. МЕТОДОЛОГИЈА

2.1 Следење на националните печатени и електронски медиуми

МХК е претплатен на голем број дневни весници со различни идеолошки наклони и политичка припадност. Следењето на електронски медиуми се вршеше секојдневно, преку двата најпознати генератори на вести на интернет (www.time.mk and www.grid.mk), како и со користење на напредни опции за пребарување под одделот „Вести“ на www.google.com. Штом ќе се забележеше злосторство од омраза или инцидент, МХК го запишуваше насловот на сторијата и интернет врската и го објавуваше на веб-страницата за пријавување злосторства од омраза - www.zlostor-stvaodomraza.mk. Главната цел на следењето медиуми беше да се откријат потенцијалните појави на инциденти од омраза и да се стапи во контакт со наводните жртви заради интервју, и да им се понуди можна бесплатна правна помош или судско следење на нивниот случај.

2.2 Обезбедување бесплатна правна помош за жртви

Секогаш кога ќе се идентификуваше и воспоставеше контакт со наводната жртва, МХК ги нудеше своите бесплатни услуги за правна помош. Се договараа средби со жртвите и нивните семејства. Средбите се одржуваа во канцеларијата на МХК или на локација по предлог на жртвата. За време на средбите, се правеше интервју. Во случаи кога стануваше збор за наводен инцидент/злосторство, се земаше писмена изјава и жртвата беше замолувана да пополни стандарден формулар за барање на бесплатна правна помош. Во продолжение, од жртвите се бараше да доставаат копии од документи значајни за нивниот случај. На жртвите им беше давана поддршка во форма на окуражување, придружба до полициска станица, изнаоѓање бранител кој би ги застапувал бесплатно, пишување кривични пријави, комуницирање со бранители кои веќе работат на случајот и пишување поднесоци во нивно име. Исто така беше нудено следење на случајот пред и за време на судењето.

2.3 Следење судски случаи на злосторства од омраза

Судско следење од страна на МХК започнуваше: 1) по формално барање за бесплатна правна помош поднесено во МХК од личност во кривична постапка поврзана со злосторства од омраза; и 2) по информација добиена од судот во врска со закажано и судење во тек поврзано со злосторства од омраза. Пред набљудувачот од МХК да започне со судското следење, а по формалното барање, личноста која го поднесуваше барањето беше замолена да обезбеди целосна документација поврзана со нејзиниот случај (т.е. фотокопии од сите правни документи собрани за време на постапката во домашните судови или други институции). Откако ќе се обезбедеа документите, беше назначуван правен советник кој го анализираше случајот и одлучуваше за понатамошни чекори кои требаше да се преземат пред, за време на и по судењето. Правниот советник изготвуваше извештаи по однос на целокупната постапка и елабораше дали истата била спроведена во согласност со правните норми. Со судските следења му се овозможуваше на тимот да го оцени начинот на кој се третирани жртвите во правната постапка.

2.4 Известување за инциденти и злосторства од омраза до ОБСЕ/ОДИХР

Деталите во врска со инцидентите, како што се кус опис, датум, време, место, извор на информации, инволвирани жртви, сторители, статус на случајот, одговор на надлежните, влијание врз жртвите и заедницата беа постојано известувани во ОБСЕ/ОДИХР. Известувањето за инциденти и злосторства од омраза се олесни со создавање на веб-платформа за прикажување на карта на злосторствата од омраза. Освен што инцидентите за злосторства од омраза можеа да се следат на интернет откако ќе се случеа, ОБСЕ добиваше и еден привремен и еден завршен извештај, подготвени од МХК. Овој завршен извештај ќе биде споделен со ОДИХР за нивниот годишен извештај за злосторства од омраза на земјите членки на ОБСЕ.

2.5 Одржување на интерактивна веб-страница за пријавување злосторства од омраза

Веб-страницата – www.zlostorstvaodomraza.mk е интерактивна алатка која им овозможува на граѓаните да добијат информации и да пријават злосторства од омраза. Страницата содржи интерактивна мапа на која се прикажани приближни локации на инцидентите. На главната страница има список на категории на злосторства од омраза и пристрасни мотивации, таа овозможува информации во однос на начинот на кој граѓаните можат да пријават (е-апликации, твитер, електронска пошта и електронски формулар), и на неа се прикажани статистички графикони. Исто така има и ЧПП, материјали и речник каде може да се најдат информации во врска со проектот, значењето и опсегот на злосторства од омраза, како и публикации за злосторства од омраза. Освен на македонски, страницата е достапна и на англиски и албански јазик.

2.6 Обезбедување информации и ресурси за други граѓански организации

МХК организираше прес-конференција на која ја претстави Посебната анализа за злосторства од омраза за 2013 година, во мај, 2014 г[1]. Покана за прес-конференцијата им беше испратена на преку 50 невладини организации. Голем број на претставници на невладини организации и државни институции присуствуваа на конференцијата и беа известени за можноста МХК да се користи како центар за податоци за злосторства од омраза. Во тек на проектот, МХК беше контактиран од страна на Меѓународната организација за миграција и ИЛГА Европа. Тие побараа и добија статистички податоци во врска со злосторства од омраза за 2013 година. МХК, Метаморфозис, Младинскиот образовен форум и Македонскиот институт за медиуми (локални граѓански организации) имаат многу блиска соработка за проблеми поврзани со злосторства од омраза и говор на омраза. Во продолжение, МХК создаде фејсбук страница (http://goo.gl/8yY5Lk), твитер страница (https://twitter.com/HateCrimesMK) за подигнување на јавната свест за злосторствата од омраза, и вклучи засебни оддели за злосторства од омраза со месечни извештаи за ситуацијата со човековите права кои се проследуваат до државните институции, медиуми, невладини организации, меѓународни организации и странски амбасади во земјата.

2.7 Учествување во обучувања и настани организирани од ОБСЕ/ОДИХР

Со цел понатамошно подобрување на институционалното познавање на злосторства од омраза, членовите на проектниот тим посетија многу обучувања и настани организирани од страна на ОБСЕ/ОДИХ. Освен учество во обучувања и настани организирани од ОБСЕ, членовите на проектниот тим посетија и многу други јавни и професионални настани поврзани со злосторства од омраза во државата, регионот на Западен Балкан (Албанија, Босна, Косово и Србија) и Европа (Грција, Белгија и Германија).

1) Достапна на: http://www.mhc.org.mk/analysis/209

2.8 Следење инциденти и злосторства од омраза за време на спортски настани

Беа следени натпревари со зголемен ризик на насилство (домашни и меѓународни спортски натпревари значајни заради голема компетитивност, натпревари за време на кои се очекува голема посетеност, спортски натпревари на кои се забранува присуство на гостинските тимови). До сега, се одбираа натпревари кои биле означени како натпревари со зголемен ризик во текот на 2013 г. Набљудувачите пристигнуваа на спортската локација еден час пред започнување на натпреварот и набљудуваа дали при влез на натпреварот од навивачите се бара да ги покажат билетите, дали се претресуваат, дали навивачите се обидуваат да внесат предмети кои се забранети за носење на натпревари и кои мерки се преземаат од организаторите и Министерството за внатрешни работи за физички да ги огради навивачите на двата тима кои се натпреварува.

3. РЕЗИМЕ НА ГЛАВНИТЕ НАОДИ

3.1 Контекст

Во „Злосторства од омраза во регионот на ОБСЕ – Инциденти и одговори: Годишен извештај за 2012 година“ се забележува дека во периодот помеѓу 2008 и 2012 г. „51 земји учеснички му укажаа на ОДИХР дека собираат некакви податоци за злосторства од омраза. Поранешната Југословенска Република Македонија наведе дека воопшто не собира вакви статистички податоци“[2] Интернет страницата на ОБСЕ/ОДИХР за известување за злосторства од омраза во 2013 г. забележува дека „Поранешната Југословенска Република Македонија го известува ОДИХР дека не собира податоци за злосторства од омраза“.[3] Во продолжение, во Извештајот за напредок на Поранешната Југословенска Република Македонија изготвен од Европската комисија во 2014 г. се вели дека „Податоците за пријавување, истрага и гонење на злосторства од омраза и говор на омраза не се собираат систематски и треба да се засили обука за спроведување на закон, обвинители и судии.“[4] Во 2014 година, Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија објави посебна анализа за злосторства од омраза регистрирани во периодот помеѓу март и декември, 2013 година.[5] Таа анализа, заедно со овој извештај и веб-страницата за известување за злосторства од омраза – www.zlostorstvaodomraza.com, се први конкретни напори да се прикаже на карта, следи и известува за инциденти на злосторства од омраза во земјата.

2) ОБСЕ/ОДИХР, Злосторства од омраза во регионот на ОБСЕ – Инциденти и одговори: Годишен извештај за 2012 година, Варшава, ноември 2013 година, стр. 16-17. Достапно на: http://tandis.odihr.pl/hcr2012/pdf/Hate_Crime_Report_full_version.pdf
3) Достапно на: http://hatecrime.osce.org/former-yugoslav-republic-macedonia (види клучни опсервации на ОДИХР).
4) Европска комисија, 2014 Извештај за напредок на Поранешната Југословенска Република Македонија, Брисел, октомври 2014 година, стр. 13.
5) Достапно на: http://www.mhc.org.mk/analysis/209

3.2 Број на инциденти

Во периодот помеѓу 1 јануари и 31 декември, 2014 година, регистрирани се вкупно 87 злосторства и инциденти од омраза. 12 инциденти се пријавени во МХК од страна на жртвите, додека сите останати инциденти се пријавени од страна на медиумите. 46 инциденти се потврдени со помош на контакт со полицијата, полициски билтени, известување во медиуми, средби со жртвите и со посведочување на инцидент. 41 од регистрираните инциденти не се потврдени, но сепак се вклучени во извештајот заради постоење на пристрасни индикатори вклучувајќи: перцепција на жртва/сведок; коментари дадени на место на настанот; различна етничка припадност на жртвата и сторителот; модел/зачестеност на претходни инциденти; природа на насилството; недостаток на други мотиви; и време и место. Поточно, непотврдените инциденти беа вклучени поради добиената информација за местото на инцидентот (т.е. во етнички мешани населби и училишта, автобуски линии користени од припадници на различни етнички заедници, места на кои во минатото веќе се случиле злосторства од омраза итн.), видот на инцидентот (на пр. поголема група малолетници напаѓа една или повеќе жртви без провокација, групни тепачки, напад во автобус или на автобуска станица итн.), време на инцидентот (по претходна тепачка како израз на освета, по завршување на училишна настава, за време или по завршување на спортски настан итн.), и имотна штета за време на инцидентот (на пр. цркви и гробови). Непотврдените и потврдените пријави може одделно да се видат на веб-страницата за известување за злосторства од омраза. Во Анексот на овој извештај, насловите на потврдените инциденти се нагласени со зелена додека оние на непотврдените, со црвена боја.

3.3 Видови злосторства

Најголем дел од злосторствата се извршени од млади луѓе. Жртвите и сторителите се најчесто со различно етничко потекло (Македонци и Албанци). Најчести видови на извршени злосторства се: напад, посед и употреба на нелегално оружје, имотна штета, вандализам, закана и насилство. Регистрираните инциденти, исто така, се поврзуваат со наводно кривично дело пропишано со Кривичниот законик. Најголем дел од наведените кривични дела вклучуваат: Телесна повреда (47), насилство (46), Имотна штета (31), Загрозување на сигурноста (30), и Учество во тепачка (21). Во продолжение, голем број инциденти спаѓаат во следниве наведени кривични дела: Поттикнување на омраза, раздор и нетрпеливост на национална, расна, религиозна или друга дискриминаторска основа (8), Загрозување со опасно орудие при тепачка или караница (6), Напад врз службено лице при

вршење работи на безбедноста (4) и Сквернавење гроб (3). Многу често сторените кривични дела во еден инцидент исполнуваа критериуми на два или повеќе наведени кривични дела, па оттука и поголемиот број на дела од бројот на инциденти претставени во ова поглавје.

3.4 Инциденти според локација

Огромен број инциденти (84 %) се случија во Скопје и скопската област. Имаше 4 инциденти во Тетово, 3 во Куманово и Прилеп, 2 во Битола и по 1 инцидент во Струмица и Македонска Каменица.

Градовите во кои се случија најмногу инциденти се лоцирани во региони каде има значајно малцинство на етнички Македноци (Тетово) или Албанци (Скопје и Куманово). За разлика од 2013 година, не беа забележани инциденти во етнички мешаните градови Гостивар, Кичево и Струга. Исто како и во 2013 година, нема регистрирани инциденти во Дебар.

Освен во Сарај, општина претежно населена со етнички Албанци, злосторства од омраза се случија во сите останати 9 општини во Скопје. Најголем број од инцидентите се случија во Чаир (15), Центар (13), Аеродром и Гази Баба (9), и Бутел и Карпош (8). Чаир и Бутел се претежно населени со етнички Албанци додека етничките Македонци се мнозинство во другите општини. Ниедно злосторство од омраза не е регистрирано против Роми. Фактот што нема такви инциденти не мора да значи дека истите и не се случуваат, но може да не се пријавени.

Минимум 11 инциденти во Скопје се случија во автобуси (медиумите понекогаш известуваат дека место на нападот е автобус, но не известуваат за бројот на автобусот). Најголем број автобуси поврзуваат населби населени со етнички Македонци и Албанци.

Минимум 13 инциденти се случија во близина на 7 средни училишта во Скопје: „Зеф Љуш Марку“ (4), „Марија Кири - Склодовска“ (3), „Здравко Цветковски“ (2) и по еден инцидент во „Владо Тасевски“, „Цветан Димов“, „Крсте Мисирков“ и „Кирил Пејчиновиќ“. Инцидентите вклучуваат напад на група ученици врз ученик поединец или тепачки помеѓу две спротивставени групи. 3 од овие училишта се лоцирани на истиот булевар во Општина Аеродром. Во сите училишта има и ученици Македонци и ученици Албанци. Освен овие локации на кои злосторства од омраза се извршуваат постојано, два гроба (еден во Општина Ѓорче Петров, а другиот во село Ловени, Прилеп) се осквернети.

3.5 Инциденти по месец

Најголем број инциденти се случиле во април – 23 (26 % од сите инциденти во текот на годината). Причината за ова невообичаено зголемување може да се препише на Предвремените парламентарни избори и Претседателските избори. Сепак, мора да се напомене дека во 2013 година такви инциденти не се случуваа за време на Локалните избори. Како и да е, овој зголемен број инциденти поврзани со омраза заради политичко убедување или припадност е јасен индикатор за деликатната политичка, етничка и безбедносна ситуација во државата. Во февруари се регистрирани 14 инциденти. Најголем број од овие инциденти вклучуваат тепачки на малолетници во училиштата и автобусите. Овие инциденти продолжуваат во март (8) и април и нивната зачестенот се намалува во текот на следните месеци. Причината за ова позитивно намалување може да се должи на фактот што полициски службеници беа постојано и видливо присутни во училиштата и нивна близина како и на автобуските станици и во автобусите.

3.6 Инциденти според пристрасна мотивација

Најголем дел од злостроствата од омраза (61 %) се случуваат поради различната етничка припадност на жртвата. Речиси сите овие инциденти вклучуваат етнички Македонци и Албанци. Политичката припадност (23%), сексуалната ориентација (10%) и верската припадност (6%) претставуваат потсетник на пристрасните мотивации заради кои се извршуваат злосторства од омраза во државата. Во 8 од инцидентите направено е наведеноот кривично дело „Предизвикување национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост“, додека за инцидентот во кафулето „Дамар“ (види Инцидент бр.77 во Анексот), наведено е кривичното дело „Расна и друга дискриминација“.

3.7 Жртви наспроти сторители

Имаше минимум 125 жртви и 496 сторители на злосторства од омраза во текот на годината. Секогаш кога медиумите известуваа за недефиниран број (на пр. помеѓу 10 и 15) сторители, за овој извештај се користеше помалата вредност. Секогаш кога се известуваше за „група“ сторители на злосторство од омраза, за овој извештај се користеше вредноста 3 лица. Најголемиот број жртви се машки малолетници. Најмладата жртва е на возраст од 10 години. Помеѓу жртвите има 5 девојчиња (но, веројатно се повеќе ако се земе предвид фактот дека медиумите често известуваат за сторено злосторство од омраза врз „група“ млади луѓе).

3.8 Инциденти за време на спортски настани

Направени се 6 инциденти поради злосторство од омраза од страна на навивачи на 4 фудбалски и 3 кошаркарски клубови. Инцидентите најчесто вклучуваа тепачка помеѓу навивачи на два спротивставени клуба со играчи од етничко македонско или албанско потекло. Освен навивачите, понекогаш и членовите на гостинскиот клуб исто така се јавуваат како жртви. За време на натпревари на кои играат такви клубови, од страна на домашните навивачи може да се слушне постојано навивање со говор на омраза. Надлежната спортска федерација обично ги смета овие настани за „натпревари од висок ризик“, што значи дека присуство на гостинските навивачи е забрането. Се чини дека

надлежните строго го почитуваат ова правило така што испраќаат зголемен број полициски службеници, видливи на патиштата помеѓу градвоите/општините каде се одржува настанот, на влезните точки на градовите, како и во близина на и во самите фудбалски стадиони. Злосторствата од омраза, покрај тоа што негативно влијаат врз безбедноста и сигурноста на граѓаните, се чини дека има негативно влијание и врз други сегменти од општеството вклучувајќи го и спортот.

3.9 Статус на случаите

Полицијата лоцираше осомничени сторители поврзани со минимум 35 од 87 инциденти. Минимум 30 други инциденти се пријавени во полиција и се под истрага. Земајќи го предвид фактот што во моментов не постои база на податоци за злосторства од омраза, решените случаи се регистрирани со помош на контакт со полицијата, следење на медиуми и директна информација од самите жртви. Нема информација за статусот на случајот во 16 инциденти поради избор на жртвата (обично во наводно сторени кривични дела поради сексуална ориентација како пристрасен мотив). Според одговорите добиени од Министерството за внатрешни работи, 21 инцидент завршил со кривични пријави, 14 со прекршочни пријави, 10 инциденти не се регистрирани, додека за 3 инциденти нема одговор. МХК регистрираше само 3 случаи по кои судот постапил.

4. АКТИВНОСТИ НА ПРОЕКТИНОТ ТИМ

4.1 Обезбедување бесплатна правна помош за жртви

МХК понуди бесплатна правна помош на жртви во четири случаи и продолжува да му овозможува правна помош на г. Кочо Андоновски, програмски директор на ЛГБТ центарот во Скопје, подружница на МХК.

1. Инцидент во Радишани, Скопје

Првото барање беше поднесено од една од жртвите по масовна тепачка помеѓу етнички Македонци и Албанци во Радишани во Скопје за време на изборите. Во април, група машки Македонци, по завршување на првиот круг Претседателски избори, започнала со навредување, пцуење и последователно надапнала и претепала албанско семејство кое живее во Радишани. Еден од сторителите го насочил моторното возило во група жртви (види Инцидент 39 во Анексот). Во мај, во бањата на истото семејство експлодира бомба (види Инцидент 55 во анексот). Контакт со семејството се овозможи преку медиумите кои известија за првиот инцидент. По вториот инцидент, семејството беше повторно контактирано со покана нивен претставник да се сретне со претставниците на МХК. Жртвата го информираше МХК дека десетина негови роднини ја напуштиле државата и поднеле барања за азил во Германија. Еден од сторителите беше уапсен од страна на полицијата и доби 6-месечна казна затвор (пресудата сè уште не е конечна) во судска постапка која траеше само еден ден. Жртвите не беа поканети да присуствуваат на судењето ниту како сведоци ниту како оштетена страна. Жртвата инсистираше МХК да не дејствува во негово име плашејќи се за својата безбедност.

2. Инцидент во барот „Њу Орлеанс“, Скопје

Вториот инцидент за кој беше побарана правна помош се случи на 5 август, 2014 г. Група од околу десетина сторители, влегла во вербална расправија околу полноќ која завршила со демолирање на барот „Њу Орлеанс“ во Старата чаршија во Скопје (види Инцидент 63 во Анексот). Еден од сторителите побарал од диск-џокејот да не пушта македонска музика. Сторителите се членови на навивачката група „Шверцери“. До 2012 година, „Шверцери“ навиваат за ФК „Слога Југомагнат“ од Општина Чаир и во тоа време клубот се спојува со ФК „Албарса“ за да се оформи ФК „Шкупи“ (кој сега се натпреварува во Македонска втора лига). Претставник на МХК се запозна со сопственикот на барот и му понуди бесплатна правна помош. Сопственикот, сепак, плашејќи се дека работите ќе се влошат ако му се даде публицитет на инцидентот, одби МХК да дејствува во негово име. Во овој инцидент надлежните лоцираа двајца од сторителите. Целата кривична постапка траеше само 18 денови. Еден од обвинетите е осуден на една година затвор додека вториот е осуден на две години условна казна. За разлика од други случаи за кои интересот во јавноста е голем, Основниот суд во Скопје не објави соопштение за медиуми на својата веб-

страница за датумот на судењето. Јавноста беше информирана за резултатот по завршување на еднодневното судење.

3. Инцидент во Ѓорче Петров, Скопје

Третиот инцидент во кој беше понудена правна помош се случи на 29 август, 2014 во Ѓорче Петров во Скопје (види Инцидент 70 во Анексот). МХК се сретна со жртвата чиј ресторан беше запален за време на насилните настани во Ѓорче Петров (види Инцидент 56 во Анексот). Жртвата нè информираше дека полицискиот извештај им бил даден на сите останати освен нему. Според него, тој и неговото семејство се жртви на етнички и политички притисок. Кон крајот на август, поголема група лица собрани во близина на неговиот ресторан се обидувала да ги скрши прозорците. Откако тој забележал што се случува, ги затворил прозорците и повикал полиција, по што групата си заминала. Според жртвата, неговиот син и неговиот пријател биле нападнати претходно во два одделни наврати од страна на група лица која ги удирала со цигла. Неговиот татко, кој е на 70-годишна возраст и лице со попреченост, бил нападнат од младите лица во населбата кои му го повредиле грбот. Откако му беше понудена бесплатна правна помош во врска со наводните инциденти, жртвата нè замоли да не преземаме дејствија затоа што тоа би го „насанкало на кривично дело“ и би му предизвикало проблеми со полицијата.

Од овие три случаи може да се заклучи дека жртвите не сакаат да им се споменува името, ниту сакаат публицитет ниту да се обратат во државни институции, плашејќи се од реперкусии. Ова води кон намалено пријавување злосторства од омраза заради недостаток на доверба во системот.

4. Инцидент во кафулето „Дамар“, Скопје

Четвртиот инцидент во кој беше понудена правна помош се случи на 23 октомври, 2014 година, утрото во 09:30. Стампедо од околу триесетина млади луѓе навјасаа со светлинска брзина од двете страни на улицата која води до кафулето „Дамар“, каде Центарот за поддршка на ЛГБТ – подружница на МХК – ја прославуваше втората годишнина (види Инцидент 77 во Анексот). Со качулки врз главите и вооружени со стаклени шишиња и други тврди предмети, хулиганите го каменувале кафулето и, исто толку брзо како и кога се појавиле, исчезнале во околните улички. За време на инцидентот повеќе од 60 луѓе присуствувале на прославата од кои двајца, едено младо момче и девојка, стоеле пред главниот влез. Тие биле претепани и нападнати од насилниците со стаклени шишиња и се здобиле со повреди на главата и телото. За време на тепањето, напаѓачите постојано им повторувале дека треба да си заминат и дека педерите не се добредојдени. Претставник на МХК ги придружуваше жртвите до болница каде им беше земена изјава и понудена бесплатна правна помош. Една од жртвите подоцна се согласи МХК да подготви кривична пријава во нејзино име. Кривичната пријава беше поднесена во канцеларијата на Јавното обвинителство во Скопје.

5. Инцидент за време на „Маршот на толеранција“ во Скопје во 2012 г.

Последниот инцидент во кој беше понудена правна помош се случи на 17 ноември 2012 г. МХК организираше „Марш на толеранција“ за одбележување на Меѓународниот ден на толеранција. Маршот започна со физички напад врз двајца активисти за човекови права – едниот од нив г. Кочо Андоновски – за време на подготовките на штандовите за невладините организации кои го подржуваат настанот. Полицијата го уапси сторителот веднаш по инцидентот, но судењето започна во јануари, 2014 г. (за понатамошни детали во врска со судењето и обезбедувањето бесплатна правна помош види ја активноста 4.3 подолу).

4.3 Следење судски случаи на злосторства од омраза

МХК испрати барање за информација до полициските станици и канцеларииите на Јавното обвинителство за секој регистриран инцидент. Ова беше направено со цел да се потврди дали регистрираното злосторство од омраза навистина се случило или да се побара информација дали судењето е закажано во случаи во кои сторителите се фатени. Од 67 барања испратени до полициски станици ширум земјата, примени се 64 (96 % стапка на одговори) во текот на 2014 година.

Според одговорите, најголем број од инцидентите се регистрирани и за нив е поведена прекршочна постапка. Полицијата не одговори на 3 барања за информација.Оние на кои беше одговорено не обезбедија број на кривични пријави испратени во Јавното обвинителство. По барање за информација испратено до канцеларијата на Јавното обвинителство во Скопје, Канцеларијата го информираше МХК дека дадените информации за место, датум и време на инцидентот не се доволни за нив да ни достават информација во врска со активностите кои ги презеле за споменатиот инцидент. Според Канцеларијата, потребни им се имиња на обвинетите, или име на поднесувачот на кривичната пријава. Сепак, ако се земе предвид дека имињата на обвинетите не се сметаат за јавна информација, МХК немаше друг избор освен да ги испрати јавните податоци добиени од Секторот за внатрешни работи (СВР) вклучувајќи 11 инциденти во кои локалните полициски станици доставиле кривична пријава до канцеларијата на Јавното обвинителство во Скопје. Овие податоци содржат иницијали на обвинетите и име на поднесувачот на кривичната пријава – СВР. Во својот одговор, Јавното обвинителство нè информираше дека не е возможно да ги прегледаат документите и да потврдат дали тие ги испитуваат или ги проследиле до судот. Според Канцеларијата, тие ги испратиле податоците во СВР за да добијат дополнителни информации во врска со кривичните пријави поднесени од страна на полицијата.

1. МХК и Кочо Андоновски

МХК го следеше судењето К.бр.1644/13 во Скопје. Ова судење вклучува сексуална ориентација како основ врз кој сторителот го нападнал г. Кочо Андоновски, програмски директор на ЛГБТ центарот во Скопје, на главниот плоштад во Скопје, во 2012 година. Земајќи го предевид фактот што МХК го смета овој случај за стратешки, МХК успеа да обезбеди бранител кој бесплатно ќе ги застапува жртвите. Случајот ги вклучува следниве кривични обвиненија: Насилство (гонет од државата), Смеќавање јавен собир (гонет од МХК), и Повреда на рамноправноста на граѓаните (гонет од г. Андоновски и другиот повреден активист за човекови права). Канцеларијата на Јавното обвинителство се вклучи во случајот во 2014 година, откако го испитуваше случајот година и пол. Пресудата е изречена во јануари, 2015 година. Сторителот е казнет со 7 месеци затвор од страна на првостепениот суд за Насилство и Смеќавање јавен собир, но обвиненијата за Повреда на рамноправноста на граѓаните се отфрлени од страна на судот. Првостепената одлука не се однесува конкретно на Членот 35(9) од Кривичниот законик (отежнувачки околности при казнување заради кривичен прекршок сторен поради пристрасност). Пресудата е обжалена до повисок суд од страна на обвинетиот.

2. Протести по пресудата во случајот „Монструм“

На 4 јули, 2014 година, по јавното прогласување на пресудата во таканареченото случај „Монструм“ во кој шестмина од обвинетите (припадници на албанската етничка заедница во

државата) беа осудени на доживотен затвор од првостепениот суд во Скопје, пред судот се случија насилни судири помеѓу околу 3000 демонстранти и полицијата. Протестите резултираа со значителна материјална штета на првостепените основни судови во Скопје. Во продолжение, повредени беа околу 20 полициски службеници, од кои петмина се здобија со сериозни повреди. МХК го следеше судењето К.бр.2242/14 во Скопје во кое 6 демонстранти беа обвинети за делото „Учество во толпа што ќе изврши кривично дело". Во текот на судењето беше забележано дека јавниот обвинител го наведува судијата на применливи одредби во постапката. Освен првото рочиште, останатиот дел од процесот се одржа во мала судница која не задоволуваше минимум просторни стандарди, што им отежнуваше на адвокатите и јавноста да присуствуваат на судењето. Во доказното рочиште кога се прикажуваа снимки од безбедносни камери, пристапот на медиумите и јавноста им беше даден со задоцнување. Поради ова, набљудувачот на МХК не можеше да ја види целата снимка, но делот што го виде не прикажуваше извршување на криминал од страна на обвинетите. За време на завршното рочиште, судијата донесе пресуда од 3 години казна затвор (максимална казна за вакво дело) за шест од осумте обвинети и нареди тие заеднички да ја платат штетата. Апелациониот суд во Скопје ја потврди пресудата намалувајќи ја казната затвор на две и пол години. За сличен, но не толку насилен случај во кој жители на Тетово протестираа против пресудата во „Монструм", Основниот суд во Тетово им изрече на обвинетите условна казна во времетраење од две и пол години.

Во продолжение, МХК го следеше случајот „Монструм" во релација со убиството на пет лица (од кои четворица млади момчиња на возраст помеѓу 20 и 22 години) на езерото близу селото Смилковци во Скопје. Случајот започна во 2013 г. Беа следени 12 рочишта за време на известувачкиот период во 2014 г. Сега случајот го води Апелациониот суд во Скопје. Во првостепената пресуда се вели дека обвинетите етнички Албанци свесно ги одбрале своите жртви од македонската етничка заедница.

3. Убиство во Ѓорче Петров

Убиството на младо македонско момче од страна на етнички албанско момче во инцидент поврзан со грабеж, предизвика масовни протести во населбата Ѓорче Петров. Многумина етнички Македонци сметаа дека убиството се должи на различната етничка припадност на жртвата и сторителот, иако до сега не постои доказ или друг пристрасен индикатор овој случај да се смета за злосторство од омраза. МХК ги следеше насилните протести во Ѓорче Петров и одлучи да го следи судењето за да се осигура дека тоа нема да ги наруши и онака кревките меѓуетнички односи помеѓу Македонците и Албанците во земјата, особено помеѓу младите етнички Албанци и Македонци. Судењето е во тек и ќе биде следено до самиот крај.

4.4 Подигнување на јавната свест

МХК го одбележа 22 јули – Европскиот ден на жртвите на злосторство од омраза организирајќи два одделни настани. Првиот настан се состоеше од прес-конференција за медиумите и проекција на краток филм посветен на жртвите на злосторство од омраза во државата.[6] Во краткиот филм беа искористени статии, фотографии и снимки од вистински злосторства од омраза. Филмот имаше превод на албански и англиски јазик. Вториот настан се организираше во Градскиот парк во Скопје. Беше насловен како „Турлитава – заедно е послатко" и вклучуваше говори, музика и дружење на припадници од различно етничко потекло истовремено дегустирајќи традиционална македонска, албанска, турска, ромска, српска, босанска и влашка кујна (како и самата Турлитава – традиционален балкански оброк).

6) Достапна на: http://www.mhc.org.mk/analysis/209

Во 2014 година, МХК обезбеди финансирање на две програми поврзани со неформално образование за млади – Летна и зимска школа за човекови права за млади. Летната школа се одржа во Скопје и траеше една седмица како пилот-соработка помеѓу МХК и Меѓународниот институт за мир и човекови права, НВО од Долна Нормандија, Франција. Летната школа особено се фокусираше на етнички и верски злосторства од омраза помеѓу младите во државата и Франција. На 20 учесници (15 од државата и 5 од Франција) на возраст помеѓу 19 и 24 години им беа понудени заеднички предавања на експерти од државата и Франција. Зимската школа беше поддржана од Германската амбасада во државата и се одржа во Велес каде беа присутни 25 млади од државата, на возраст помеѓу 16 и 19 години. Таа покриваше различни теми поврзани со човековите права, а еден ден беше целосно посветен на говорот на омраза и злосторства од омраза. МХК резервираше 5 места за средношколци кои учат во училишта во кои се регистрирани најголем број злосторства од омраза во 2013 и 2014 година. 3 места беа пополнети со кандидати од следниве училишта: „Панче Караѓозов", „Марија Кири - Склодовска" и „Арсени Јовков".

Во продолжение, МХК создаде фејсбук страница за подигнување на свеста за злосторства од омраза (http://goo.gl/8yY5Lk), твитер страница (https://twitter.com/HateCrimesMK), и вклучи посебен дел за злосторства од омраза во своите месечни извештаи за ситуацијата со човековите права во државата кои се проследени до државни институции, медиуми, невладини организации, меѓународни организации и странски амбасади во земјава.

4.5 Следење инциденти и злосторства од омраза за време на спортски настани

Проектниот тим следеше 4 фудбалски натпревари одиграни во државната Прва лига и државниот фудбалски куп: Шкендија против Вардар – осмина финале во натпреварувањето за куп (24 септември, 2014 г.); Тетекс против Ренова (5 октомври, 2014 г.); Шкендија против Вардар (19 октомври, 2014 г.); Вардар против Шкендија – реванш на осмина финалето за куп (22 октомври, 2014 г.). За време на набљудуваните натпревари, на гостинските навивачи им беше забрането да присуствуваат на натпреварот. Беше забележан зголемен број на полициски службеници на автопатот Скопје – Тетово, на влезните точки на градовите, како и во близина на и во самите фудбалски стадиони. Иако не беа забележани злосторства од омраза за време на набљудуваните натпревари, локалните навивачи постојано скандираа слогани со говор на омраза за време на натпреварите.

Слогани како „Мртов шиптар, добар шиптар!"; „Мртов каур, добар каур!"; „Уби, уби уби Србина!" (Убиј, убиј, убиј го Србинот); „За шиптари гасна комора!"; „Шкипри етник" (Етничка Албанија, исто и „Голема Албанија"); „Јебем Вардар, јебем каур, јебем Комити!" (Да го ебам Вардар, да го ебам каурот, да ги ебам Комити); „И тој е стока и тој е шиптар!"; „А, бре, Македонче, броба те чека, борба за слобода против клетите шиптари!"; „Македонија била на Македонците, била отсекогаш и таква ќе остане, сите душмани ќе ги сотреме!"; „Шиптарски курви!"; „Чиста, чиста, чиста Македонија" можат да се чујат за време на речиси секој натпревар во кој учествуваат клубови чии членови се припадници на различни етнички заедници во државата.

По осминафиналниот натпревар за државен куп помеѓу ФК „Шкендија" и ФК „Вардар", голманот на Вардар беше удрен со мал камен во главата од страна на навивачите на ФК „Шкендија".

Играчите се обидуваа да ги смират навивачите и му помогнаа на лекарскиот тим да му пружи помош на голманот. Последователно, клубот беше казнет со 2500 евра во согласност со членовите 36, 38 и 51 од Дисциплинскиот правилник на Фудбалската федерација на Македонија, врз основа на скандирање навредливи слогани, употреба на пиротехника и фрлање тврди предмети за време на натпреварот.

5. ЗАКЛУЧОЦИ

- Државата не собира податоци за злосторства од омраза и иако се направени почетни подготовки од страна на судството за започнување со регистрација на овој вид злосторства, неизвесно е дали ќе се обезбедат сеопфатни и споредливи официјални податоци во блиска иднина.
- Жртвите не сакаат нивното име да биде споменато, ниту публицитет, ниту да се обратат во државните институции плашејќи се од реперкусии, што води до намалено пријавување и недостаток на јавна доверба во системот.
- Многу малку напори се вложуваат во превентивни мерки вклучувајќи едукација за човекови права и подигнување на јавна свест.
- Злосторства од пристрасна мотивација не се пријавуваат ниту истражуваат соодветно од страна на полицијата.
- Релевантните практичари не добиваат соодветна обука во поглед на препознавање и одговор на инцидентите од омраза.
- Со тоа што феноменот на злосторства од омраза не се третира како засебен проблем, државата не нуди посебна заштита и поддршка за жртвите.
- Најзасегнати членови на општеството се младите, но исто и членовите на ЛГБТ заедницата што се должи на фактот дека сексуалната ориентација и родовиот идентитет се непознат основ врз кој може да се извршуваат злосторства од омраза.
- Злосторствата од омраза најчесто се случуваат на јавни места. Голем број инциденти се случени во автобуси, во близина на автобуски станици, во училишни дворови и во близина на училишта, и врз локални ограноци на политичка партија.
- Многу злосторствата од омраза се направени заради одмазда или казна за претходен инцидент и од страна на македонските и од страна на албанските млади луѓе.
- Голем број инциденти се случиле за време на или по завршување на училишна настава.
- Само 2 инцидента се регистрирани во источниот дел на државата. Ова можеби се должи на етничкиот состав на земјата, но исто и на намаленото пријавување или ниската јавна свест за злосторства од омраза и пристрасна мотивација.

6. ПРЕПОРАКИ

За време на состанокот на Советот на ЕУ за правда и внатрешни работи, одржан во Брисел на 5-6 декември, 2013 година, Советот ги објави Заклучоците за борба против злосторствата од омраза во ЕУ. Како земја-кандидат за членство во ЕУ, државата треба да ги следи препораките содржани во Заклучоците кои генерално се во согласност со препораките содржани во Одлуката на Министерскиот совет на ОБСЕ бр. 9/09: Борба против злосторства од омраза, и поглед на МХК:

1. Да се земе предвид искуството на земјите-членки на ЕУ за проширување во рамките на нивното кривично законодавство, опсегот на казниви дела за злосторства од омраза и вклучување на други пристрасни мотиви во овие дела;

2. Да се обезбеди навремена и ефикасна истрага и гонење на злосторства од омраза земајќи ги предвид пристрасните мотиви во текот на целата кривична постапка;

3. Да се преземат соодветни мерки за да се олесни пријавувањето на злосторства од омраза од страна на жртвите и колку што е можно, исто така, да се засилат здруженија за нивна поддршка, вклучувајќи мерки за градење доверба во полицијата и другите државни институции;

4. Да се собираат и објавуваат сеопфатни и споредливи податоци за злосторства од омраза, колку што е можно, вклучувајќи го бројот на таквите инциденти пријавени од страна на полицијата и регистрирани од страна на органите на прогон; бројот на пресуди; пристрасните мотиви на овие злосторства; и казните изречени на престапниците;

6. Да се промовираат обуки за релевантни практичари кои стапуваат во контакт со жртвите на злосторства од омраза, така што ќе им се овозможи ефикасно да им помагаат на жртвите; и

7. Да се подобрат превентивни мерки, меѓу другото така што ќе одразуваат сеќавање за едукација на човекови права, наставни програми по историја и соодветна обука, преземајќи чекори за едукација на јавноста за вредноста на културната различност и инклузија, и целејќи сите делови на општеството да имаат улога во борбата против таквата нетрпеливост;

АНЕКС

ИНЦИДЕНТИ НА ЗЛОСТОРСТВА ОД ОМРАЗА ВО 2014

1. Оскрвернавени христијански гробови во црква во село Волково, Скопје (верифицирано)

Што се случило: Непознати сторители провалиле во „Црквата Св. Анастасиј и Св. Петка“, осквернавиле неколку надгробни камења и го оштетиле знакот што покажува кон селската црква.
Датум, време и место на инцидентот: 12 јануари, инцидентот бил пријавен во 08.20 часот. Местото на инцидентот е „Црквата Св. Атанасиј и Св. Петка“ во Волково.
Извор на информацијата: Националниот медиум „Пресс24“ (Press24).
Вклучена(и) жртва(и): Освен материјална штета, во овој инцидент нема други директни жртви.
Вид на кривично дело(а): Сквернавење на гроб, чл. 400 од Кривичниот закон (КЗРМ), поттикнување на омраза, раздор и нетолерација врз национална, расна, верска или друга дискриминаторска основа (чл.319).
Сторител(и): Непознати.
Краток опис на инцидентот со индикатор за пристрасност: Во овој инцидент, мотивот на пристрасност е верската припадност и вероисповедта, а индикаторот на пристрасност е:
1. Местоположбата на инцидентот – Православна христијанска црква.
Статус на случајот: Инцидентот бил пријавен на локалните власти.
Одговор на надлежните власти: Истрагата е во тек.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Овој инцидент е еден од многуте ициденти што се случија во тој период на годината што го доведува во прашање етничкиот соживот помеѓу двете најголеми заедници во земјата.

2. Скршена е спомен-плочата на Мара Бунева (верифицирано)

Што се случило/случување: Спомен плочата на Мара Бунева, поставена од бугарски организации, беше скршена на истиот ден кога беше претставена во јавност.
Датум, време и место на инцидентот: 13ти јануари, на кејот на реката Вардар во Центарот на Скопје.
Извор на информацијата: Локалниот медиум „Центарњуз“ (Centarnews).
Вклучена(и) жртва(и): Освен причинета материјална штета, во овој инцидент немало директни жртви.
Вид на кривично дело(а): Оштетување туѓи предмети, чл. 243 КЗРМ, Поттикнување на омраза, раздор и нетрпеливост врз национална, расна, верска или друга дискриминаторска основа (чл. 319)
Сторител(и): Непознат(и).
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Во овој инцидент, мотивот за пристрасност е етничкото потекло, државјанството или јазикот, а индикатори за пристрасност се:
1. Перцепцијата на жртвата – Фактот што индиректните жртви на ова кривично дело - бугарски организации, биле агажирани во активности за промоција на нивната група пред инцидентот.
2. Шема на претходни инциденти - Овој инцидент се случува втора година по ред.

Статус на случајот: Инцидентот бил пријавен на локалните власти.
Одговор на надлежните власти: Полицијата веднаш реагирала и извршила увид на местото на настанот. Истрагата е во тек.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Ициденти од ваков вид ја доведуваат во прашање политичката ситуација во земјата и соживотот помеѓу Македонците од една, и Бугарите од друга страна.

3. Уништено возило на Либерално-демократската партија (неверифицирано)

Што се случило: Непознат(и) сторител(и) ја скршиле шофершајбната на обележаното возило на партијата и предизвикале штета внатре во возилото.
Датум, време и место на инцидентот: 14ти јануари, во раните утрински часови. Местото не е прецизирано.
Извор на информацијата: Интернет-порталот „Дејли.мк“ (daily.mk).
Вклучена(и) жртва(и): Освен материјалната штетна, немало директни жртви во овој инцидент.
Вид на кривично дело(а): Оштетување туѓи предмети чл. 243 КЗРМ.
Сторител(и): Непознат(и).
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Во овој инцидент, мотивот на пристрасност е политичката припадност и политичкото убедување, и индикаторот на пристрасност е:
1. Симболот на метата, што подразбира возило со симбол од политичко значење - Логото на партијата што била на мета.
Статус на случајот: Непознат.
Одговор на надлежните власти: Непознат.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Ициденти од ваков вид во прашање ја доведуваат општата стабилност во државата.

4. Оштетена подрачната канцеларија на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (СДСМ) во Струмица (верифицирано)

Што се случило: Непознати сторители ја вандализирале подрачната канцеларија на партијата, кршејќи го предниот излог.
Датум, време и место на инцидентот: 18ти јануари, 3:00 часот наутро, во Струмица.
Извор на информацијата: Регионалниот медиум „Фама“.
Вклучена(и) жртва(и): Освен материјалната штетна, во овој инцидент немало директни жртви.
Вид на кривично дело(а): Оштетување туѓи предмети чл. 243 КЗРМ .
Сторител(и): Две личности. Едниот бил познат на сопственикот на објектот и неговиот идентите е пријавен на надлежните.
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Во овој инцидент мотивот на пристрасност е политичката припадност и политичките убедувања, а индикаторите на пристраност се:
1. Метата/Перцепцијата на сведокот – Метата е подрачната канцеларија на најголемата опозициска партија, сведокот го доживува инцидентот како обид за заплашување.
2. Зачестеност на инцидентот - Фактот што на овој инцидент му претходел сличен таков, неколку недели претходно.
Статус на случајот: Истрагата е во тек.
Одговор на надлежните власти: Полицијата веднаш реагирала и ја извршила увид на местото. Според сопственикот на продавницата, полицијата не го обезбедила објектот на кој била причинета штета, и покрај неговите барања за тоа. Истрагата е во тек.

Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата политичка стабилност во земјата, особено со оглед на фактот дека Струмица е град во кој најголемата опозициска партија во државата е мнозинска во општинскиот совет.

5. Тепачка со метални шипки во средното училиште „Здравко Цветковски“ во Скопје (неверифицирано)

Што се случило: Во училишниот двор, еден ученик нападнал друг, по што жртвата се обидела да возврати со метална шипка. Тој бил спречен во својата намера од страна на училишното обезбедување.
Датум, време и место на инцидентот: 21 јануари, во 13:30 часот во дворот на средното училиште „Здравко Цветковски“ во Скопје.
Извор на информацијата: Регионалниот медиум „Скај“.
Вклучена(и) жртва(и): Еден средношколец.
Вид на кривично дело(а): Телесна повреда, чл. 130 КЗРМ
Сторител(и): Друг средношколец.
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Во овој инцидент, мотивот на пристрасност е етничко потекло, државјанство или јазик, а индикаторите за пристрасност се:
1. Претпоставена разлика помеѓу сторителот и жртвата врз основа на етничка припадност - Поради мешаното етничко потекло на учениците што го посетуваат ова училиште, етничката припадност на жртвата може да биде различна од онаа на сторителот.
2. Природа на насилството – Инцидентот бил извршен во јавност, пред останатите ученици.
3. Немање други мотиви.
Статус на случајот: Поднесени се прекршочни пријави.
Одговор на надлежните власти:. Министерството за внатрешни работи преку „„Одговор на барање““ за информации од јавен карактер испратени од страна на Комитетот изјави дека двајцата вклучени во инцидентот се товарат со прекршочни тужби, во согласност со Законот за прекршоците против јавниот ред и мир, вклучувајќи ја и жртвата. Сепак, не се доби одговор во однос на индикациите за можниот мотив за кривичното дело.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков тип ја доведуваат во прашање општата ситуација во земјата и соживотот помеѓу Македонците од една, и Албанците од друга страна, како и безбедноста на учениците во училишната средина воопшто.

6. Меѓуетнички физички судир спречен во скопската општина Ѓорче Петров и селото Крушопек (верифицирано)

Што се случило: Полициски сили морале да интервенираат за да спречат меѓуетнички судир во селото Крушопек во близина на Скопје по официјален состанок помеѓу двајца локални фудбалски навивачи. Група македонски малолетници оштетиле возила, каменувале куќи и ги навредувале минувачите. Според полициски извори (исто така објавени во медиумите) ова било проследено со обид на група од 30 Албанци од Крушопек да се придвижат кон Ѓорче Петров. Полицијата навремено интервернирала за да спречи поголем инцидент.
Датум, време и место на инцидентот: 31 јануари, во селото Крушопек, Скопско.
Извор на информацијата: Регионалниот медиум „Алмакос“ (алб.) и „Телеграф“ (мкд).
Вклучена(и) жртва(и): Освен материјална штета, во овој инцидент не биле нанесени физички повреди. Луѓето од локалната заедница се чувствувале навредено.
Вид на кривично дело(а): Оштетување туѓи предмети (чл. 243 КЗРМ), Насилство (чл. 386), Загрозување на сигурноста (чл. 144) и Поттикнување на омраза, раздор и нетрпеливост врз национална, расна, верска или друга дискриминаторска основа (чл. 319).
Сторител(и): Група од дваесет малолетници од Скопје (Македонци).
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Во овој инцидент, мотивот на пристрасност е етничко потекло, државјанство или јазик, а индикаторите се:
1. Перцепција на жртвата - Фактот што жртвите на кривичното дело покасно се организирале, се претпоставува, за да возвратат со иста мера, е показател за доживувањето на жртвите дека кривичните дела биле мотивирани од пристрасност, како и тоа што групата поврзана со жртвата (клуб на фудбалски навивачи) била ангажирана во активности за нивна промоција пред инцидентот.
2. Разликите меѓу сторителите и жртвите на етничка основа.
3. Место и време – Инцидентот се случил во село населено претежно од членови на албанската заедница во државата, по настан организиран од навивачките клубови на македонски и албански фудбалски тимови.
4. Природа на насилство - Инцидентот се случил во јавност.
Статус на случајот: Полицијата ги привела сторителите, покренати се кривични пријави.
Одговор на надлежните власти: Полицијата веднаш реагирала и спречила ескалација на насилството. Сепак, поднесени се пријави само против четири сторители и само за кривично дело „Насилство“, додека не се поднесени пријави за делата „Поттикнување омраза, раздор и нетрпеливост врз национална, расна, верска или друга дискриминаторска основа“, „Загрозување на сигурноста“ и „Оштетување туѓи предмети“.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков тип ја доведуваат во прашање општата политичка состојба во земјата и соживотот помеѓу Македонците од една страна и Албанците, како две најголеми етнички заедници.

7. Момчиња од Студеничани претепале малолетник пред средното училиште „Марија Кири Склодовска“ во Скопје (верифицирано)

Што се случило: Две момчиња на возраст од 22 години нападнале четири години помладо момче од поинаква етничка припадност. По нападот се обиделе да избегаат со своето возило кон селото Студеничани, при што излетале од патот во канал.
Датум, време и место на инцидентот: 7 февруари, пред средното училиште „Марија Кири Склодовска“ во Скопје.
Извор на информацијата: Регионалниот медиум „Прес24“ (Press24), весникот Вечер.
Вклучена(и) жртва(и): Еден малолетник од македонска етничка припадност.
Вид на кривично дело(а): Телесна повреда, чл. 130 КЗРМ.
Сторител(и):. Двајца Албанци.
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Во овој инцидент, мотивот на пристрасност е етничко потекло, државјанство или јазик, а индикаторите се:
1. Разлики помеѓу сторителот и жртвата според етничка припадност.
2. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Поднесена е прекршочна пријава.
Одговор на надлежните власти: Преку медиумите полицијата изјавила дека момчињата ќе бидат гонети за прекршоци (најверојатно загрозување на безбедност во сообраќајот), но не и за кривично дело.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков тип ја доведуваат во прашање

општата политичка ситуација во земјата и соживотот помеѓу Македонците, од една страна, и Албанците од друга, како две најголеми етнички заедници во општеството.

8. Уапсени 21 член на спортскиот навивачки клуб „Комити“ (верифицирано)

Што се случило: Група од околу 40 членов на спортскиот навивачки клуб „Комити“, пред почетокот на фудбалски натревар на кој присуствуваа, нападнале и претепале малолетници во автобус на јавен транспорт, линија бр.2. Потоа отишле во спортската сала „Борис Трајковски“ во Скопје, каде го нарушиле јавниот ред и мир, почнувајќи тепачки еден со друг, фрлајќи мали предмети кон играчите на теренот. Кога интервенирала полицијата, навивачите ги нападнале полициските службеници и еден од нив фрлил потежок предмет, притоа повредувајќи еден полицаец.
Датум, време и место на инцидентот: 9ти февруари, во Скопје, во автобуска линија бр.2 од градскиот превоз и во спортската сала „Борис Трајковски“ во Скопје.
Извор на информацијата: Националниот печатен медиум „Дневник“.
Вклучена(и) жртва(и): Неколку (точниот број е непознат) малолетници од албанска националност и полициски службеник.
Вид на кривично дело(а): Телесна повреда (чл. 130 КЗРМ) (Чл.130 КЗРМ), Оштетување туѓи предмети (Чл.243), Насилство (Чл.386), Загрозување на безбедноста (Чл.144), Напаѓање полициски службено лице при вршење работи на безбеноста (Чл.383), Поттикнување омраза, раздор и нетрпеливост врз национална, расна, верска или друга дискриминаторска основа (Чл.319).
Сторител(и): 40 членови на Спортскиот навивачки клуб „Комити“, Македонци.
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Во овој инцидент, мотивот на пристрасност е етничко потекло, државјанство или јазик, а индикатори за пристраност се:
1. Разликата помеѓу сторителот и жртвата според етничка припадност - Линијата бр.2 од градскиот автобуски транспорт го вклучува Сарај, големо село населено претежно со Албанци, па логично може да претпостави дека и патниците во овој автобус би имале слична етничка припадност, па следствено биле мета на членовите на „Комити“.
2. Место и време - Инцидентот се случил во линија бр. 2 од јавниот автобуски транспорт која води до село со претежно албанско население. Потоа следел спортски натпревар на кој присуствувале сторителите, каде продолжиле да извршуваат кривични дела.
3. Шема / зачестеност на претходни инциденти - Во бројни претходни наврати овој навивачки клуб манифестирал отворено насилство кон припадниците на албанската заедница.
4. Природа на насилството - Инцидентот бил извршен во јавност.
Статус на случајот: Поднесени се пријави од полицијата.
Одговор на надлежните власти: Преку медиумите полицијата изјави дека поднесени се пријави против седум сторители, додека дополнителни 14 добија парични казни. Тие не прецизираа за кои дела беа обвинети или парично казнети.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков тип ја доведуваат во прашање општата политичка ситуација во земјата и соживотот помеѓу Македонците, од една страна, и Албанците од друга, како две најголеми етнички заедници во општеството.

9. Десетгодишник сериозно повреден во тепачка во близина на „Веро центар“ во Скопје (неверифицирано)

Што се случило: Едно дете се здобило со сериозни повреди, а други три се здобиле со полесни повреди по брутална тепачка во близина на „Веро центар“ во Скопје. Две групи учествувале во тепачката - една од селото Катланово (населено претежно со Македонци) и другата од селото Батинци (претежно со муслиманско население, од кои најголем број се Албанци).
Датум, време и место на инцидентот: 12 февруари, во близина на „Веро- центар“ во Скопје.
Извор на информацијата: Националниот медиум „Вест“.
Вклучена(и) жртва(и): Еден малолетник од македонско етничко потекло и три млади момчиња од Батинци.
Вид на кривично дело(а): Тешки телесни повреди (Чл.131 КЗРМ), Учество во тепачка (Чл.132), Поттикнување омраза, раздор и нетрпеливост врз национална, расна, верска или друга дискриминаторска основа (Чл.319).
Сторител(и): Девет млади момчиња, од кои петмина од Батинци, а четворица (вклучувајќи и еден малолетник) од Катланово.
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Во овој инцидент мотивот на пристраност е етничко потекло, државјанство или јазик, а индикаторите на пристраност се:
1. Разлика помеѓу сторителот и жртвата според етничка припадност - Земајќи ја во предвид доминатната етничка структура на селата од кои доаѓааат.
2. Природа на насилството – Инцидентот бил извршен во јавност.
3. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Поднесени се кривични пријави.
Одговор на надлежните власти: Преку медиумите полицијата изјави дека ќе ги преземат сите соодветни мерки. Министерството за внатрешни работи преку „„Одговор на барање““ за информации од јавен карактер на барањето на Комитетот одговори дека тие поднеле пријава за кривични дело во врска со инцидентот. Сепак, не дадоа информации во врска со конкретното кривично дело, или што е тоа што би укажало на можен мотив за делото.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков тип ја доведуваат во прашање општата политичка ситуација во земјата и соживотот помеѓу Македонците, од една страна, и Албанците од друга, како две најголеми етнички заедници во општеството.

10. Каменување на подрачната канцеларија на Граѓанската опција за Македонија (ГРОМ) во скопската општина Бутел (верифицирано)

Што се случило: Во текот на ноќните часови, непознати сторители ја каменувале локалната подрачна канцеларија на Граѓанската опција за Македонија (ГРОМ) во скопската општина Бутел.
Датум, време и место на инцидентот: 14 февруари, 03:30 наутро, подрачната канцеларија на Граѓанска опција за Македонија (ГРОМ) во Скопје, Општина Бутел.
Извор на информацијата: Националниот електронски медиум „медиа мкд.мк“ (media mkd.mk)
Вклучена(и) жртва(и): Освен материјална штета, во овој инцидент немало други директни жртви.
Вид на кривично дело(а): Оштетување туѓи предмети чл. 243 КЗРМ .
Сторител(и): Непознати
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Во овој инцидент, мотивот на пристрасност е политичка припадност и политички убедувања, а индикаторот на пристрасност е:
1. Метата / перцепција на жртвата - мета е подрачната канцеларија на опозициската партија, може да се толкува како чин на застрашување.
Статус на случајот: Под истрага.
Одговор на надлежните власти: Преку медиумите полицијата изјави дека работат на расчистување на случајот, но Комитетот нема информации за можни обвиненија.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата Инциденти од ваков тип ја доведуваат во прашање општата политичка стабилност во земјата.

11. Масовна тепачка во центарот на Скопје (неверифицирано)

Што се случило: Две групи млади луѓе се степале на бул. Кузман Јосифовски - Питу, во центарот на Скопје. Сторителите се од селата Елово, Дразилово и Пагаруш.
Датум, време и место на инцидентот: 14 февруари, на бул. Кузман Јосифовски - Питу, во центарот на Скопје.
Извор на информацијата: Националниот медиум Макфакс.
Вклучена(и) жртва(и): Едно од момчињата што учествувале во тепачката било прободено во текот на тепачката.
Вид на кривично дело(а): Тешка телесна повреда Чл. 131 КЗРМ, Учество во тепачка Чл.132 КЗРМ.
Сторител(и): Осум момчиња, се претпоставува дека биле од мешано етничко потекло.
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Во овој инцидент мотивот на пристрасност е етничко потекло, државјанство или јазик, а индикаторите на пристрасност се:
1. Претпоставена разлика помеѓу сторителот и жртвата според етничка припадност - поради мешаниот етнички состав на населението во споменатите села, етничката припадност на жртвата може да е различна од онаа на сторителот.
2. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Поднесени прекршочни пријави.
Одговор на надлежните власти: Преку „„Одговор на барање““ за информации од јавен карактер побарани од страна на Комитетот, Министерството за надворешни работи изјави дека осумте луѓе вклучени во тепачката се товарат со прекршочни пријави во согласност со Законот за прекршоци против јавниот ред и мир. Сепак, нема одговор во врска со фактот што укажува на можниот мотив за кривичното дело.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков тип ја доведуваат во прашање општата политичка ситуација во земјата и соживотот помеѓу Македонците, од една страна, и Албанците од друга, како две најголеми етнички заедници во општеството.

12. Млад човек од Тетово прободен во градите (неверифицирано)

Што се случило:. Млад човек од Тетово бил прободен во градите во тепачка, додека на друг му биле нанесени телесни повреди.
Датум, време и место на инцидентот: 14ти февруари, во Тетово.
Извор на информацијата: Националниот електронски медиум мкд.мк.
Вклучена(и) жртва(и): Едно осумнаесетгодишно момче од селото Челопек кое било прободено во градите и префрлено во болница во Скопје, и уште едно момче.
Вид на кривично дело(а): Тешки телесни повреди, Чл. 131 КЗРМ, Учество во тепачка, Чл. 132.
Сторител(и): Две момчиња со непознато етничко потекло.
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Во овој инцидент, мотивот за пристрасност е етничко потекло, државјанство или јазик, додека индикаторот е:
1. Претпоставена разлика помеѓу сторителот и жртвата според етничка припадност - Со оглед на мешаниот етнички состав на населениот на спомените село и град, етничката припадност на жртвата може се разликува од онаа на сторителот.
Статус на случајот: Поднесени се кривични пријави.
Одговор на надлежните власти: Преку „„Одговор на барање““ за информации од јавен карактер Министерството за внатрешни работи му одговори на Комитетот дека тројца сторители се товарат со кривични пријави за делото „Насилство“(Чл.386 КЗРМ). Сепак, нема одговор во врска со фактот што укажува на можниот мотив за кривичното дело.

Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков тип ја доведуваат во прашање општата политичка ситуација во земјата и соживотот помеѓу Македонците, од една страна, и Албанците од друга, како две најголеми етнички заедници во општеството.

13. Девојче претепано од момче во градски автобус (неверифицирано)

Што се случило: 25-годишно момче нападнало 19-годишно девојче во јавен градски автобус, линија бр. 62 во Скопје.
Датум, време и место на инцидентот: 14 февруари, во 12:00 во јавен градски автобус, линија бр. 62, додека се возеле по бул. Кузман Јосифовски - Питу во Скопје.
Извор на информацијата:. Националниот печатен медиум Нова Македонија.
Вклучена(и) жртва(и): Една деветнаесетгодишна жена со непознатно етничко потекло.
Вид на кривично дело(а): Насилство Чл. 386 КЗРМ, Телесна повреда, Чл. 130 КЗРМ.
Сторител(и): Дваесет и петгодишен маж со непознатно етничко потекло.
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Во овој инцидент мотивот на пристрасност е етничко потекло, државјанство или јазик, а индикаторите на пристрасност се:
1. Претпоставена разлика помеѓу сторителот и жртвата според етничка припадност - Поради мешаниот етнички состав на населението во селото Огњанци (селото до кое води автобуската линија бр. 62), ентичкото потекло на жртвата може да се разликува од она на сторителот.
2. Природа на насилството – Инцидентот бил извршен во јавност.
3. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Под истрага.
Одговор на надлежните власти: Преку медиумите, надлежните изјавија дека преземаат мерки за расчистување на случајот.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата политичка ситуација во земјата и соживотот помеѓу различните етнички заедници во општеството.

14. Малолетници од селото Никиштане нападнале друг малолетник во јавен автобуски транспорт (верифицирано)

Што се случило: Четворица малолетници нападнале друг малолетник во автобус од јавен транспорт бр. 65, и предизвикале чувство на страв и неизвесност меѓу останатите патници.
Датум, време и место на инцидентот: 19 февруари, 14:20 часот во автобус од јавен транспорт бр. 65.
Извор на информацијата: Националниот електронски медиум „кајгана.мк“ (kajgana.mk).
Вклучена(и) жртва(и): Една седумнаесетгодишна жена со непознато етничко потекло која била физички нападната и малтретирана.
Вид на кривично дело(а): Насилство Чл. 386 КЗРМ, Телесна повреда, Чл. 130 КЗРМ.
Сторител(и): Четири малолетници од машки пол со непознато етничко потекло.
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Во овој инцидент мотивот за пристрасност е етничко потекло, државјанство или јазик, а индикаторите за пристрасност се:
1. Претпоставена разлика помеѓу сторителот и жртвата според етничка припадност - поради мешаниот етнички состав на населението во селото Никиштане (селскиот автобус линија бр. 65 поминува низ селото), етничката припадност на жртвата може да се разликува од онаа на сторителот.
2. Шема / зачестеност на претходни инциденти – Инцидентот бил извршен во автобус на јавен градски траснпорт што води до заедница со мешана или претежно албанска етничка структура, што е трет

таков инцидент за помалку од два месеци.
3. Природа на насилството – Инцидентот бил извршен во јавност.
Статус на случајот: Поднесени се кривични пријави.
Одговор на надлежните власти: Преку медиумите полицијата изјави дека поднеле кривични пријави за кривично дело „Насилство“.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков тип ја доведуваат во прашање општата политичка ситуација во земјата и соживотот помеѓу Македонците, од една страна, и Албанците од друга, како две најголеми етнички заедници во општеството.

15. Тепачка на осмооделенци во училиште во Куманово (неверифицирано)

Што се случило: Четиринаесет малолетници и учител од основното училиште „Бајрам Шабани“ биле нападнати и малтретирани од група ученици од основното училиште „Браќа Миладиновци“, по завршување на заедничка проектна активност.
Датум, време и место на инцидентот: 20 февруари, 1:30 часот попладне, во близина на училиштето „Бајрам Шабани“ во Куманово.
Извор на информацијата: Националниот електронски медиум „Плусинфо“ (Plusinfo.)
Вклучена(и) жртва(и): Четиринаесет малолетници и учител од основното училиште „Бајрам Шабани“ од Куманово.
Вид на кривично дело(а): Насилство Чл. 386 КЗРМ, Телесна повреда, Чл. 130 КЗРМ, Учество во тепачка Чл. 132 КЗРМ.
Сторител(и): Група на основци од основното училиште „Браќа Миладиновци“ во Куманово.
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Во овој инцидент, мотивот на пристрасност е етничкото потекло, државјанството или јазикот, додека индикаторите на пристрасност се:
1. Претпоставена разлика помеѓу сторителот и жртвата според етничка припадност - поради мешаниот етнички состав на училиштата што ги посетуваат учениците, етничката припадност на жртвите може да се разликува од онаа на сторителите.
2. Коментари – Тепачката била проследена со вербално вознемирување (содржината не е прецизирана).
3. Место и време – Инцидентот се случил по присуството на малцинска група (ученици Македонци) во основно училиште посетувано претежно од ученици Албанци.
4. Природа на насилството – Инцидентот бил извршен во јавност.
Статус на случајот: Непознат.
Одговор на надлежните власти: Откако Комитетот прати „Барање за јавни информации“, Полицијата одговори дека го расчистиле случајот, но не прецизираше ништо во врска со можниот мотив или преземените чекори.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков тип ја доведуваат во прашање општата политичка ситуација во земјата и соживотот помеѓу Македонците, од една страна, и Албанците од друга, како две најголеми етнички заедници во државата, и дополнително влијаат врз градењето на толерантно мултиентичко опкружување во кое би можеле да растат младите луѓе.

16. Две момчиња нападнати на улица без причина (неверифицирано)

Што се случило: Во касните вечерни часови две момчиња без причина биле нападнати од група од шест мажи.

Датум, време и место на инцидентот: 20 февруари 02:00 часот на улица Антон Димитров во Драчево, Скопје.
Извор на информацијата: Националниот електронски медиум „мкд.мк“ (mkd.mk)
Вклучена(и) жртва(и): Две момчиња (19 и 17) од непознато етничко потекло биле нападнати и им биле нанесени видливи телесни повреди во пределот на лицето и главата.
Вид на кривично дело(а): Насилство чл. 386 КЗРМ, Телесна повреда, Чл. 130 КЗРМ.
Сторител(и): Група на шест мажи со непознато етничко потекло.
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Во овој инцидент, мотивот на пристрасност е етничкото потекло, државјанството или јазикот, додека индикаторите на пристрасност се:
1. Претпоставена разлика помеѓу сторителот и жртвата според етничка припадност - поради мешаниот етнички состав на населението во Дражево, етничката припадност на жртвата можно е да се разликува од онаа на сторителот.
2. Природа на насилството – инцидентот бил извршен во јавност
Статус на случајот: Поднесени се прекршочни пријави.
Одговор на надлежните власти: Откако Комитетот прати „Барање за јавни информации“, Полицијата одговори дека го расчистиле случајот, но не прецизираше ништо во врска со можниот мотив. Исто така, поднесени се прекршочни пријави за нарушување на јавниот ред и мир се поднесени против сторителите.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков тип ја доведуваат во прашање општата политичка ситуација во земјата и соживотот помеѓу Македонците, од една страна, и Албанците од друга, како две најголеми етнички заедници во општеството.

17. Масовна тепачка помеѓу ученици во средното училиште „Зеф Љуш Марку“ во Скопје (неверифицирано)

Што се случило: Три групи на ученици се степале во средното училиште Зеф Љуш Марку во Скопје.
Датум, време и место на инцидентот: 21 февруари, во средното училиште Зеф Љуш Марку во Скопје.
Извор на информацијата: Националниот електронски медиум Инпрес (Inpress).
Вклучена(и) жртва(и): Еден ученик од машки пол со непознато етничко потекло се здобил со посекотини по лицето.
Вид на кривично дело(а): Насилство Чл. 386 КЗРМ, Телесна повреда, Чл. 130 КЗРМ, Учество во тепачка Чл. 132 КЗРМ.
Сторител(и): Во тепачката учествувале 16-17 годишни средношколци со непознато етничко потекло.
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Во овој инцидент, мотивот на пристрасност е етничкото потекло, државјанството или јазикот, додека индикаторите на пристрасност се:
1. Претпоставена разлика помеѓу сторителот и жртвата според етничка припадност - поради мешаниот етнички состав на учениците во училиштето кадешто учат овие средношколци, етничката припадност на жртвите можно е да се разликува од онаа на сторителите.
2. Природа на насилството – инцидентот бил извршен во јавност
Статус на случајот: Поднесени се прекршочни пријави.
Одговор на надлежните власти: Преку „„Одговор на барање““ за информации од јавен карактер испратено од страна на Комитетот, Министерството за внатрешни работи изјави дека се

поднесени прекршочни пријави против сите вклучени, во согласност со Законот за прекршоци против јавниот ред и мир. Сепак, не обезбеди одговор во врска со фактот што упатува на можниот мотив за делото.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков тип ја доведуваат во прашање општата безбедносна ситуација во земјата и соживотот помеѓу Македонците, од една страна, и Албанците од друга, како две најголеми етнички заедници во државата.

18. Напад на ученик во Куманово (неверифицирано)

Што се случило: Седумнаесетгодишен ученик од Куманово, додека се враќал дома по училиште, бил нападнат од тројца ученици од училиштето Крсте Мисирков во Куманово. Во одреден момент, сторителите извлекле нож, но жртвата успеала да избега.
Датум, време и место на инцидентот: 21 февруари, на бул. Народна револуција пред основното училиште „Крсте Мисирков“ во Куманово.
Извор на информацијата: Националниот електронски медиум „Нетпрес“ (Netpress).
Вклучена(и) жртва(и): Еден седумнаесетгодишен средношколец од машки пол и непознат сторител.
Вид на кривично дело(а): Насилство Чл. 386 КЗРМ, Телесна повреда, Чл. 130 КЗРМ.
Сторител(и): Група од 3 основци со непознато етничко потекло.
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Во овој инцидент, мотивот на пристрасност е етничкото потекло, државјанството или јазикот, додека индикаторите на пристраност се:
1. Претпоставена разлика помеѓу сторителот и жртвата според етничка припадност - поради мешаниот етнички состав на учениците во училиштето каде што учат овие основци, етничката припадност на жртвите можно е да се разликува од онаа на сторителите.
2. Природа на насилството – инцидентот бил извршен во јавност
3. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Поднесени се прекршочни пријави.
Одговор на надлежните власти: Преку медиумите, надлежните изјавија дека преземаат мерки за расчистување на случајот. Откако Комитетот испрати Барање за јавни информации, Полицијата одговори дека го расчистиле случајот и поднеле прекршочни пријави против малолетниците. Полицијата не прецизира ништо во врска со можниот мотив.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков тип ја доведуваат во прашање општата политичка ситуација во земјата и соживотот помеѓу Македонците, од една страна, и Албанците од друга, како две најголеми етнички заедници во државата и дополнително влијаат врз градењето на мултиетничка толерантна средина во која можат да растат младите луѓе.

19. Осквернавени дваесет православни гробови во селото Брњанци (верифицирано)

Што се случило: На православен празник, непознати сторители вандализирале околу дваесетина православни гробови.
Датум, време и место на инцидентот: 22 февруари, во селото Брњанци (на граница со селото Арачиново) во Скопје.
Извор на информацијата: Националните медиуми „мкд.мк“ (mkd.mk), „фаланга.мк“ (falanga.mk), „новини.мк“ (novini.mk).
Вклучена(и) жртва(и): Освен материјалната штетна, немало директни жртви во овој инцидент.
Вид на кривично дело(а): Оштетување туѓи предмети чл. 243 КЗРМ , Сквернавење на гроб, Чл. 400 КЗРМ.
Сторител(и): Непознат(и).
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Во овој инцидент, мотивот на пристрасност е верската припадност и верското убедување, додека индикатори на пристрасност се:
1. Перцепција на жртвата – Од изјавите дадени за медиумите може лесно да се заклучи дека индиректните жртви - македонското население во село Брњанци, го доживуваат инцидентот како мотивиран од пристрасност.
2. Локација и време – Инцидентот се случил по празник, на место од верско значење.
3. Шема на претходни инциденти – Индиректните жртви изјавиле дека ваков инцидент се случува за време на речиси секој погреб или православен празник.
Статус на случајот: Под истрага.
Одговор на надлежните власти: Случајот бил пријавен кај надлежните.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков тип ја доведуваат во прашање општата безбедносна ситуација во земјата и соживотот помеѓу Македонците, од една страна, и Албанците од друга, како две најголеми етнички заедници во државата.

20. Експлодира бомба пред подрачната кацеларија на СДСМ во Карпош (неверифицирано)

Што се случило: Бомба фрлена од возило во движење експлодирала пред подрачната кацеларија на Социјалдемократскиот Сојуз (СДСМ), додека повеќе од триесет членови на младинскиот огранок на партијата биле внатре на состанок.
Датум, време и место на инцидентот: На 24 февруари, во вечерните часови на улица Варшавска во општина Карпош, Скопје.
Извор на информацијата: Националниот медиум „ТВ Телма“.
Вклучена(и) жртва(и): Освен материјалната штета, немало директни жртви во овој инцидент. Може да се изведе тврдење дека бомбата била наменета за луѓето внатре.
Вид на кривично дело(а): Оштетување туѓи предмети чл. 243 КЗРМ , Загрозување на сигурноста Чл. 144 КЗРМ.
Сторител(и): Непознат(и).
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Во овој инцидент, мотивот на пристрасност е политичка припадност и политичко убедување, додека индикаторот на пристрасност е:
1. Перцепција на жртвата – Од изјавите дадени за медиуми, може лесно да се заклучи дека (индиректните) жртви - припадниците на СДСМ, го доживуваат инцидентот како мотивиран од пристрасност.
2. Место и време – Инцидентот се случил за време на состанок на младинската фракција на СДСМ.
3. Природа на насилството – Инцидентот бил извршен во јавност.
4. Недостаток на друг мотив.
Статус на случајот: Под истрага.
Одговор на надлежните власти: Преку „„Одговор на барање““ за информации од јавен карактер побарани од Комитетот, Министерстовото за внатрешни работи одговори дека работат на расчистување на случајот. Комитетот нема дополнителни информации за понатамошните случување поврзани со овој случај.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков тип ја доведуваат во прашање општата политичка ситуација во земјата како и успехот и легитимноста на претстојните претседателски и парламентарни избори.

21. Оштетување на христијански гробови во село Локвени (неверифицирано)

Што се случило: Непознати сторители ги искршиле речиси сите крстови што биле дел христијанските гробишта во село Локвени. Дел од локалната заедница го забележала инцидентот кога група селани отишле да прослават верски празник.
Датум, време и место на инцидентот: 2 март, рани утрински часови, село Локвени, Крушево.
Извор на информацијата: Националниот медиум ТВ Телма.
Вклучена(и) жртва(и): Освен материјалната штетна, немало директни жртви во овој инцидент.
Вид на кривично дело(а): Оштетување туѓи предмети чл. 243 КЗРМ, Сквернавење гробови, Чл. 400 КЗРМ.
Сторител(и): Непознат(и).
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Во овој инцидент, мотивот на пристрасност е верската припадност и верското убедување, додека индикатори на пристрасност се:
1. Перцепција на жртвата – Од изјавите дадени за медиумите може лесно да се заклучи дека идиректните жртви - христијанското население во село Локвени, го доживуваат инцидентот како мотивиран од пристрасност.
2. Локација и време – Инцидентот се случил за време на верски празник, на место од верско значење.
Статус на случајот: Под истрага, поднесени се кривични пријави.
Одговор на надлежните власти: Министерството за внатрешни работи, преку „„Одговор на барање““ за информации од јавен карактер пратено од Комитетот, информираше дека Министерството поднело кривични пријави против непознат сторител за делото Сквернавење гробови Чл. 400 КЗРМ. Сепак, нема одговор во врска со фактот што упатува дека на можниот мотив за делото.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков тип ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички заедници во општеството.

22. Тепачка помеѓу средношколци во Скопје (неверифицирано)

Што се случило: Дошло до тепачка помеѓу две групи на ученици од две различни училишта на булеварот што ги поминува меѓу училиштата. Учениците од средното училиште „Владо Тасевски“ биле нападнати од група на средношколци од средното училиште „Марија Кири Склодовска“.
Датум, време и место на инцидентот: 6 март, 13:30 часот, бул. Трета македонска бригада во Скопје.
Извор на информацијата: Локалниот медиум „24Вести“.
Вклучена(и) жртва(и): Двајца малолетни средношколци од машки пол со непознато етничко потекло.
Вид на кривично дело(а): Телесна повреда, Чл. 130 КЗРМ, Учество во тепачка Чл. 132 КЗРМ, Насилство Чл. 386 КЗРМ.
Сторител(и): Четиринаесет малолетни средношколци од машки пол со непознато етничко потекло.
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Во овој инцидент, мотивот на пристрасност е етничкото потекло, државјанството или јазикот, додека индикаторите на пристраност се:
1. Претпоставена разлика помеѓу сторителот и жртвата според етничка припадност - поради мешаниот етнички состав на учениците во училиштето кадешто учат овие средношколци, етничката припадност на жртвите можно е да се разликува од онаа на сторителите.
2. Природа на насилството – Инцидентот бил извршен во јавност.
3. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Поднесени се кривични пријави.
Одговор на надлежните власти: Преку „„Одговор на барање““ за информации од јавен карактер испратено од Комитетот Министерството за внатрешни работи изјави дека поднело кривична пријава против четири од сторителите за кривично дело Насилство Чл. 386 КЗРМ. Сепак, нема одговор во врска со фактот што укажува на можниот мотив за делото.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков тип ја доведуваат во прашање општата политичка ситуација во земјата и соживотот помеѓу Македонците, од една страна, и Албанците од друга, како две најголеми етнички заедници во државата и дополнително влијаат врз градењето на мултиетничка толерантна средина во која можат да растат младите луѓе.

23. Свастики во Битола во текот на одбележувањето на депортацијата на Евреите (верифицирано)

Што се случило: На утрото по овогодишната комеморација на депортирањето на македонските Евреи во концентрациониот логор „Треблинка“, граѓаните забележале бројни графити со анти-семитска, фашистичка и нацистичка содржина и симболи на различни локации во градот Битола. Инциденти од овој вид се случуваат неколку години по ред.
Датум, време и место на инцидентот: 10 март, на различни локации во градот Битола.
Извор на информацијата: Националниот медиум Телма.
Вклучена(и) жртва(и): Освен материјалната штетна, немало директни жртви во овој инцидент.
Вид на кривично дело(а): Расна и друга дискриминација Чл. 417 КЗРМ, Поттикнување омраза, раздор и нетрпеливост по национална, расна, верска или друга дискриминаторска основа. (Чл.319).
Сторител(и): Непознати.
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Мотивот на непристрасност во овој инцидент е верска припадност или убедување. Индикаторите на пристрасност во овој инцидент се:
1. Перцепција на жртвата - Од изјавите дадени за медиумите, може лесно да се заклучи дека индиректните жртви - еврејската заедница во Битола, го сметаат инцидентот за мотивиран од пристрасност.
2. Симболи и графити – Сторителите оставиле графити и симболи со анти-семитска, фашистичка и нацистичка содржина.
3. Претпоставена разлика по верска основа - Поради строго-определената природа на инцидентот, може да се претпостави разлика помеѓу сторителите и жртвите.
4. Место и време – Инцидентот се случил на датум со верско значење.
5. Шема на претходни инциденти – Индиректните жртви изјавиле дека инциденти од овој вид се случуваат речиси секоја година на овој датум.
6. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Под истрага.
Одговор на надлежните власти: Преку медиумите полицијата изјави дека ќе ги преземат соодветните мерки за расчистување на случајот, но до моментот на пишување на овој извештај, Полицијата не одговорила на Барањето за информации од јавен карактер што беше пратено од страна на Комитетот во врска со овој инцидент.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков тип ја доведуваат во прашање општата политичка состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички и верски заедници во општеството.

24. Каменување на воз во кумановската Железничка станица (неверифицирано)

Што се случило: Непознати сторители го каменувале возот од Табановце до Скопје во близина на Железничката станица во Куманово, притоа оштетувајќи ги прозорците од вагоните.
Датум, време и место на инцидентот: 12 март, во близина на Железничката станица во Куманово.
Извор на информацијата: Локалниот електронски медиум курир.мк (kurir.mk).
Вклучена(и) жртва(и): Освен материјалната штетна, немало директни жртви во овој инцидент.
Вид на кривично дело(а): Оштетување туѓи предмети чл. 243 КЗРМ .
Сторител(и): Непознат(и).
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Мотивот на пристрасност во овој инцидент е етничко потекло, државјанство или јазик, додека индикаторите за пристраност во овој инцидент се:
1. Претпоставена разлика помеѓу сторителот и жртвата според етничка припадност - Со оглед на мешаниот етнички состав на населението во селото Табановце (селото до кое води возот), етничката припадност на жртвата може да е различна од таа на сторителот.
2. Природа на насилството – Инцидентот бил извршен во јавност.
3. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Под истрага.
Одговор на надлежните власти: Преку „„Одговор на барање““ за информации од јавен карактер Министерството за внатрешни работи му одговори на Комитетот дека биле спроведени повеќе разговори со членови на локалната заедница, но тие немаат до тој момент немале никакви дополнителни информации. Полицијата продолжува да работа на расчистување и документирање на случајот.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков тип ја доведуваат во прашање општата политичка состојба во земјата и соживотот помеѓу Македонците, од една страна, и Албанците од друга, како две најголеми етнички заедници во државата.

25. Малолетник претепан во средното училиште „Зеф Љуш Марку“ (неверифицирано)

Што се случило: Шеснаесетгодишен ученик физички нападнал врсник без никаков мотив или причина, удирајќи го по главата.
Датум, време и место на инцидентот: 13 март, средно училиште „Зеф Љуш Марку во Скопје.
Извор на информацијата: Електронскиот медиум „курир.мк“.
Вклучена(и) жртва(и): Еден малолетен средношколец од машки пол со непознато етничко потекло.
Вид на кривично дело(а): Телесна повреда, Чл. 130 КЗРМ, Насилство Чл. 386 КЗРМ.
Сторител(и): Еден малолетен средношколец од машки пол со непознато етничко потекло.
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Мотивот на пристрасност во овој инцидент е етничко потекло, државјанство или јазик, додека индикаторите за пристраност во овој инцидент се:
1. Претпоставена разлика помеѓу сторителот и жртвата според етничка припадност - Со оглед на мешаниот етнички состав во училиштето што го посетуваат учениците, етничката припадност на жртвите може да е различна од таа на сторителите.
2. Природа на насилството – Инцидентот бил извршен во јавност.
3. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Поднесени се прекршочни пријави.
Одговор на надлежните власти: Преку „„Одговор на барање““ за информации од јавен карактер пратен од Комитетот, Министерството за внатрешни работи изјави дека поднесени се прекршочни пријави против сторителот за делото Физички напад, според Законот за прекршоци против јавниот ред и мир. Сепак, нема одговор во врска со фактот што укажува на можниот мотив за делото.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков тип ја доведуваат во прашање општата политичка ситуација во земјата и соживотот помеѓу Македонците, од една страна, и Албанците од друга, како две најголеми етнички заедници во државата и дополнително влијаат врз градењето на мултиетничка толерантна средина во која можат да растат младите луѓе.

26. Тепачка во ходниците на средното училиште „Зеф Љуш Марку“ (неверифицирано)

Што се случило: Осумнаесет и деветнаесетгодишни момчиња се степале во ходникот на училиштето, нанесувајќи си видливи повреди.
Датум, време и место на инцидентот: 18 март, средното училиште „Зеф Љуш Марку“ во Скопје.
Извор на информацијата: Електронскиот медиум „мкд.мк“ (mkd.mk).
Вклучена(и) жртва(и): Еден или двајца средношколци од машки пол со непознато етничко потекло.
Вид на кривично дело(а): Телесна повреда, Чл. 130 КЗРМ, Насилство Чл. 386 КЗРМ, Учество во тепачка, Чл.132 КЗРМ.
Сторител(и): Еден или двајца средношколци од машки пол со непознато етничко потекло.
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Мотивот на пристрасност во овој инцидент е етничко потекло, државјанство или јазик, додека индикаторите за пристрасност во овој инцидент се:
1. Претпоставена разлика помеѓу сторителот и жртвата според етничка припадност - Со оглед на мешаниот етнички состав во училиштето што го посетуваат учениците, етничката припадност на жртвите може да е различна од таа на сторителите.
2. Природа на насилството – Инцидентот бил извршен во јавност.
3. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Поднесени се прекршочни пријави.
Одговор на надлежните власти: Преку „„Одговор на барање““ за информации од јавен карактер Министерството за внатрешни работи му одговори на Комитетот дека поднесени се прекршочни пријави против сторителот на делото Тепачка, според Законот за прекршоци против јавниот ред и мир. Сепак, се’ уште нема одговор во врска со фактот што упатува на можниот мотив за делото.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков тип ја доведуваат во прашање општата политичка ситуација во земјата и соживотот помеѓу Македонците, од една страна, и Албанците од друга, како две најголеми етнички заедници во државата и дополнително влијаат врз градењето на мултиетничка толерантна средина во која можат да растат младите луѓе.

27. Двесетгодишно момче од Скопје претепано на автобуска станица во Чаир (неверифицирано)

Што се случило: Три седумнаесетгодишни момчиња нападнале дваесетгодишно момче на автобуска станица во Чаир без никаква причина, откако жртвата слегла од автобус на јавниот градски превоз бр. 57. По нападот, сторителите го одзеле мобилниот телефон на жртвата.
Датум, време и место на инцидентот: 20 март, на автобуската станица во близина на Трговскиот центар „Чаирчанка“ во Скопје.
Извор на информацијата: Електронскиот медиум „плусинфо.мк“ (plusinfo.mk).
Вклучена(и) жртва(и): Дваесетгодишно момче со непознато етничко потекло.
Вид на кривично дело(а): Телесна повреда, Чл. 130 КЗРМ, Насилство Чл. 386 КЗРМ, Учество во тепачка Чл. 132 КЗРМ, Разбојништво Чл. 237 КЗРМ.

Сторител(и): Три малолетни момчиња со непознато етничко потекло.
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Мотивот на пристрасност во овој инцидент е етничко потекло, државјанство или јазик, додека индикаторите за пристрасност во овој инцидент се:
1. Претпоставена разлика помеѓу сторителот и жртвата според етничка припадност - Со оглед на различниот доминантен етнички состав во населбата Радишани (крајната дестинација на автобуската линија бр. 57) и во општина Чаир, етничката припадност на жртвите може да е различна од таа на сторителите
2. Природа на насилството – Инцидентот бил извршен во јавност.
3. Недостаток на други мотиви
Статус на случајот: Поднесени се кривични пријави.
Одговор на надлежните власти: Преку „„Одговор на барање““ за информации од јавен карактер Министерството за внатрешни работи му одговори на Комитетот дека поднесени се прекршочни пријави против сторителот на делото Насилство., според Законот за прекршоци против јавниот ред и мир. Сепак, се' уште нема одговор во врска со фактот што упатува на можниот мотив за делото.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков тип ја доведуваат во прашање општата безбедносна ситуација во земјата и соживотот помеѓу Македонците, од една страна, и Албанците од друга, како две најголеми етнички заедници во општеството.

28. Каменување на воз завршува со повреди за машинивозачот (неверифицирано)

Што се случило: Помошникот машиновозач завршил во болница откако непознати сторители го каменувале товарниот воз што тој го возел. Сторителите исто така оштетиле дел од прозорите на возот.
Датум, време и место на инцидентот: 28 март, рутата на товарната линија што беше нападната е од Волково до Трубарево, додека *локус операнди* на инцидентот била Железничката станица „Скопје Север“.
Извор на информацијата: Електронскиот медиум мкд.мк (mkd.mk).
Вклучена(и) жртва(и): Еден маж на возраст од 50 години со непознато етничко потекло.
Вид на кривично дело(а): Телесна повреда, Чл. 130 КЗРМ; Насилство Чл. 386 КЗРМ; Оштетување туѓи предмети чл. 243 КЗРМ .
Сторител(и): Непознат(и).
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Мотивот на пристрасност во овој инцидент е етничко потекло, државјанство или јазик, додека индикаторите за пристрасност во овој инцидент се:
1. Претпоставена разлика помеѓу сторителот и жртвата според етничка припадност - Со оглед на различниот доминантен етнички состав во село Табановце, Волково и областа на Железничката станица „Скопје Север“, етничката припадност на жртвата може да се разликува од онаа на сторителот.
2. Природа на насилството – Инцидентот бил извршен во јавност.
3. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Под истрага.
Одговор на надлежните власти: Преку „„Одговор на барање““ за информации од јавен карактер Министерството за внатрешни работи му одговори на Комитетот дека се спроведени повеќе разговори со членови на локалната заедница, но досега не се добиени некакви дополнителни информации. Полицијата продолжува да работи на класификација и документација на случајот.

Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков тип ја доведуваат во прашање општата безбедносна ситуација во земјата и соживотот помеѓу различните етнички заедници во општеството.

29. Прободени двајца малолетници во Железара во Скопје (неверифицирано)

Што се случило: Две момчиња на шеснаесетгодишна возраст биле нападнати од поголема група. Биле претепани и избодени без никаква причина.
Датум, време и место на инцидентот: 2 април, 21:50 часот, населба Железара во Скопје
Извор на информацијата: Електронскиот медиум „творбис.ком.мк“ (tvorbis.com.mk).
Вклучена(и) жртва(и): Две 16-годишни момчиња со непознато етничко потекло. Еден од нив добил посекотини по ногата, додека другиот бил прободен во стомакот.
Вид на кривично дело(а): Тешки телесни повреди Чл. 131 КЗРМ; Насилство Чл.386 КЗРМ.
Сторител(и): Непозната група на луѓе.
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Мотивот на пристрасност во овој инцидент е етничко потекло, државјанство или јазик, додека индикаторите за пристрасност во овој инцидент се:
1. Претпоставена разлика помеѓу сторителот и жртвата според етничка припадност - Со оглед на мешаниот етнички состав во Железара и околните населби, можно е етничката припадност на жртвата да се разликува од онаа на сторителот.
*2. Шема на инциденти - овие се само две од четирите прободувања што се случија во Скопје таа вечер, по кошаркарски натпревар во текот на кој имаше масовна тепачка (*неповрзана со злосторство од омраза).
3. Природа на насилството– Инцидентот бил извршен во јавност.
4. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Поднесени се прекршочни пријави.
Одговор на надлежните власти: Преку „„Одговор на барање““ за информации од јавен карактер Министерството за внатрешни работи му одговори на Комитетот дека против дванаесетте инволвирани во делото се поднесени прекршочни пријави, во согласност со Законот за прекршоци против јавниот ред и мир. Сепак, нема одговор во врска со фактот што укажува на можниот мотив за делото.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков тип ја доведуваат во прашање општата безбедносна ситуација во земјата и соживотот помеѓу различните етнички заедници во општеството.

30. Прободување во Аеродром (неверифицирано)

Што се случило: 24-годишно лице од машки пол било прободено со нож од непознати напаѓачи во Аеродром, без никаква причина.
Датум, време и место на инцидентот: 2 април, бул. Јане Сандански во Општина Аеродром, Скопје.
Извор на информацијата:. Електронскиот медиум мкд.мк (mkd.mk).
Вклучена(и) жртва(и): 24-годишно лице од машки пол со непознато етничко потекло. Бил прободен во грбот, во близина на левото рамо.
Вид на кривично дело(а): Тешка телесна повреда, Чл. 131 КЗРМ; Насилство Чл. 386 КЗРМ;
Сторител(и): Непознат.
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Мотивот на пристрасност во овој инцидент е етничко потекло, државјанство или јазик, додека индикаторите за пристрасност во овој инцидент се:

1. Шема на инциденти – ова се две од четири прободувања што се случија во Скопје таа вечер, по кошаркарски натпревар каде исто така дошло до масовна тепачка (неповрзана со злосторство од омраза).
2. Природа на насилството – Инцидентот бил извршен во јавност.
3. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Непознат(и).
Одговор на надлежните власти: Преку „„Одговор на барање““ за информации од јавен карактер Министерството за внатрешни работи му одговори на Комитетот дека се преземаат сите неопходни мерки за расчистување на случајот.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков тип ја доведуваат во прашање општата политичка ситуација во земјата и соживотот помеѓу различните етнички заедници во општеството.

31. Напад со употреба на нож во Чаир (неверифицирано)

Што се случило: 35-годишно лице од машки пол било прободено од непознат напаѓач во Чаир, без никаква причина.
Датум, време и место на инцидентот: 2 април, бул. „Џон Кенеди“, во Општина Чаир, Скопје.
Извор на информацијата: Електронскиот медиум „телеграф.мк“ (telegraf.mk).
Вклучена(и) жртва(и): 35-годишен маж со непознато етничко потекло. Бил прободен во пределот на вратот.
Вид на кривично дело(а): Тешка телесна повреда, Чл. 131 КЗРМ; Насилство Чл. 386 КЗРМ;
Сторител(и): Непознат.
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Мотивот на пристрасност во овој инцидент е етничко потекло, државјанство или јазик, додека индикаторите за пристрасност во овој инцидент се:
1. Шема на инциденти – ова се две од четири прободувања што се случија во Скопје таа вечер, по кошаркарски натпревар каде исто така дошло до масовна тепачка (неповрзана со злосторство од омраза).
2. *Природа на насилството* – Инцидентот бил извршен во јавност.
3. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Непознат.
Одговор на надлежните власти: Преку медиумите полицијата изјави дека ќе ги преземат сите соодветни мерки. Преку „„Одговор на барање““ за информации од јавен карактер Министерството за внатрешни работи му одговори на Комитетот дека жртвата не соработувала со истрагата, но дека се преземаат сите потребни мерки за расчистување на случајот.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков тип ја доведуваат во прашање општата политичка ситуација во земјата и соживотот помеѓу различните етнички заедници во општеството.

32. Група млади луѓе оштетила билборди на политичка партија (верифицирано)

Што се случило: Непозната група млади луѓе оштетиле билбори со рекламни содржини за политичка партија.
Датум, време и место на инцидентот: 3 април, 22:30 часот, ул. „Модест Мусоргски“ во Општина Гази Баба, Скопје.
Извор на информацијата: Националниот медиум ТВ Сител.

Вклучена(и) жртва(и): Освен материјалната штетна, немало директни жртви во овој инцидент.
Вид на кривично дело(а): Оштетување туѓи предмети чл. 243 КЗРМ .
Сторител(и): Непознат(и).
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Мотивот на пристрасност во овој инцидент е политичка припадност и политчко убедување, а индикаторите на пристрасност во овој инцидент се:
1. Симболот, на мета бил билборд со симбол со политичко значење – логото на партијата на мета.
2. Природа на насилството – Инцидентот бил извршен во јавност.
3. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Непознат(и).
Одговор на надлежните власти: Во моментот на пишување на овој извештај, полицијата се' уште не одговорила на „Барањето за информации од јавен карактер“ испратено од комитетот во врска со овој инцидент.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков тип ја доведуваат во прашање општата политичка ситуација во земјата и соживотот помеѓу различните заедници во општеството.

33. Каменување на возила што превезувале учесници на политичкиот митинг орханизиран од Демократската унија за интеграција (ДУИ) (верифицирано)

Што се случило:. Група од околу 15 лица каменувале три возила што превезувале учесници на политички митинг организиран од Демократската Унија за Интеграција (ДУИ), по што избегале.
Датум, време и место на инцидентот: 4 април, во близината на мостот „Влајко“ во Општина Карпош, Скопје.
Извор на информацијата: Печатениот медиум Нова Македонија.
Вклучена(и) жртва(и): Непознат број на патници во три патнички возила.
Вид на кривично дело(а): Загрозување на сигурноста Чл. 144, Оштетување туѓи предмети чл. 243 КЗРМ .
Сторител(и): Непознат.
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Мотивот на пристрасност во овој инцидент е политичка припадност и политчко убедување, а индикаторите на пристрасност во овој инцидент се:
1. Перцепција на жртвата – За време на инцидентот, жртвите биле вклучени во активност чија цел била промовирање на нивните политички убедувања.
2. Природа на насилството – Инцидентот бил извршен во јавност.
3. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Непознат.
Одговор на надлежните власти: Преку „„Одговор на барање“то за информации од јавен карактер“ пратено од Комитетот, Министерството за внатрешни работи изјави дека се преземаат сите неопходни мерки за расчистување на случајот.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков тип ја доведуваат во прашање општата политичка ситуација во земјата и соживотот помеѓу различните заедници во општеството.

34. Каменување на автобус од јавен градски превоз во Арачиново (неверифицирано)

Што се случило: Автобус од јавен градски превоз, линија бр. 55 бил каменуван од непознати сторители во село Арачиново во Скопје.
Датум, време и место на инцидентот: 4 април, ул. 1, Арачиново, Скопје.

Извор на информацијата: Печатениот медиум „Денешен Весник“.
Вклучена(и) жртва(и): Освен материјалната штетна, немало директни жртви во овој инцидент.
Вид на кривично дело(а): Загрозување на сигурноста Чл. 144, Оштетување туѓи предмети чл. 243 КЗРМ .
Сторител(и): Непознат.
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Мотивот на пристрасност во овој инцидент е етничка припадност државјанство или јазик, а индикаторите на пристрасност во овој инцидент се:
1. Претпоставена разлика помеѓу сторителот и жртвата според етничка припадност - Со оглед на мешаниот етнички состав на населението во село Арачиново (селскиот автобус бр. 55 поминува низ тоа село) и околната област, етничката припадност на жртвата можно е да се разликува од онаа на сторителот.
2. Природа на насилството – Инцидентот бил извршен во јавност.
3. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Непознат
Одговор на надлежните власти: Преку „„Одговор на барање““ за информации од јавен карактер пратено од Комитетот, Министерството за внатрешни работи изјави дека се преземаат неопходните мерки за расчистување на случајот, забележувајќи дека ова кривично дело резултирало со помала материјална штета и следствено неопходна е приватна тужба за покренување судска постапка.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков тип ја доведуваат во прашање општата политичка ситуација во земјата и соживотот помеѓу различните заедници во општеството.

35. Спречен поголем инцидент во Чаир (верифицирано)

Што се случило: Избила расправија помеѓу група на активисти на подмладокот на ВМРО-ДПМНЕ (Македонци), и постари Албанци. Според членовите на заедницата, младите Македонци оставале памфлети напишани на албански што ги повикувале Албанците да не гласаат на претстојните избори. Кога биле видено од неколку постари членови на албанската заедница во Чаир, избила жестока расправија помеѓу групите што била спречена од полицијата која очигледно ги бранела македонските активисти од ВМРО-ДПМНЕ.
Датум, време и место на инцидентот: 4 април, Општина Чаир, Скопје.
Извор на информацијата: Електронскиот медиум „центарњуз.нет“.
Вклучена(и) жртва(и): Непознат(и).
Вид на кривично дело(а): Загрозување на сигурност Чл. 144, Оштетување туѓи предмети чл. 243 КЗРМ , Присилба Чл. 139 КЗРМ.
Сторител(и): Непознат(и).
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Мотивот на пристрасност во овој инцидент е политичка припадност и политичко убедување, како и етничка припадност државјанство или јазик, а индикаторите на пристрасност во овој инцидент се:
1. Перцепција на жртвата – Според изјавите дадени за медиумите, јасно е дека жртвите сметаат дека овој инцидент е мотивиран од пристраност.
2. Писмени докази оставени на местото на настанот – Сторителите промовирале и оставиле брошури што ги повикувале Албанците да не гласаат на претстојните избори.
3. Разлика помеѓу жртвата и сторителот според етничка припадност.
4. Природа на насилството– Инцидентот бил извршен во јавност.
5. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Непознат.

Одговор на надлежните власти: Министерството за внатрешни работи одговори на Барање за информации од јавен карактер испратено од Комитетот, дека нема информации поврзани со овој инцидент.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков тип ја доведуваат во прашање општата безбедносна ситуација во земјата и соживотот помеѓу различните етнички заедници во општеството.

36. Едно уништено и едно оштетено знаме во подрачната канцеларија на СДСМ (верифицирано)

Што се случило: Во текот на вечерта, непознати сторители го искинале државното знаме и ги замениле плакатите на претседателскиот кандидат на СДСМ со плакати на кандидатот на ВМРО-ДПМНЕ.
Датум, време и место на инцидентот: 8 април, Македонска Каменица.
Извор на информацијата: Локалниот медиум „Телевизија Стар“.
Вклучена(и) жртва(и): Освен материјалната штетна, немало директни жртви во овој инцидент.
Вид на кривично дело(а): Оштетување туѓи предмети чл. 243 КЗРМ .
Сторител(и): Непознат(и).
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Мотивот на пристрасност во овој инцидент е политичка припадност и политичко убедување, а индикаторите на пристрасност во овој инцидент се:
1. Перцепција на жртвата – Врз основа на изјавите дадени за медиумите, јасно е дека жртвите сметаат дека инцидентот е мотивиран од пристраност.
2. Писмени искази оставени на местото на настанот – Сторителите ги замениле плакатите на кандидатот од партијата на мета со плакати на друг кандидат.
3. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Непознат(и).
Одговор на надлежните власти: Преку медиумите, полицијата изјави дека ќе се преземат сите неопходни мерки, но до моментот на пишувањето на овој извештај, Полицијата нема одговорено на Барањето за информации од јавен карактер што беше пратено од Комитетот во врска со овој инцидент.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков тип ја доведуваат во прашање општата политичка ситуација во земјата и соживотот помеѓу различните етнички заедници во општеството.

37. Каменување на воз кај Морани (неверифицирано)

Што се случило: Непознати сторители го каменувале возот од Битола до Скопје во близина на село Морани, притоа оштетувајќи ги прозорите од вагоните.
Датум, време и место на инцидентот: 12 април, во близина на село Морани.
Извор на информацијата: Националниот медиум „ТВ Сител“.
Вклучена(и) жртва(и): Освен материјалната штетна, немало директни жртви во овој инцидент.
Вид на кривично дело(а): Оштетување туѓи предмети чл. 243 КЗРМ .
Сторител(и): Непознат(и).
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Мотивот на пристрасност во овој инцидент е етничка припадност, државјанство или јазик, а индикаторите на пристрасност во овој инцидент се:
1. Претпоставена разлика помеѓу сторителот и жртвата според етничка припадност - Со оглед на

различниот етнички состав на населението во село Морани и крајните дестинации до кои патува возот (Битола и Скопје), етничката припадност на жртвата можно е да се разликува од онаа на сторителот.
2. Природа на насилството – Инцидентот бил извршен во јавност.
3. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Непознат
Одговор на надлежните власти: Министерството за внатрешни работи одговори на Барање за информации од јавен карактер испратено од Комитетот, дека на оваа дата е пријавено дека непознати лица поставиле камења на шините над кои поминувал возот, но дека немаат информации поврзани за извршено каменување.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков тип ја доведуваат во прашање општата политичка ситуација во земјата и соживотот помеѓу Македонците од една, и Албанците од друга страна како две најголеми етнички заедници во општеството, а исто така и ја загрозуваат општата сигурност во јавниот транспорт.

38. Напад на подрачната канцеларија на ГРОМ во Драчево (верифицирано)

Што се случило: Во текот на вечерта, непознати сторители ја демолирале подрачната канцеларија на политичката партија ГРОМ во Драчево, Скопје.
Датум, време и место на инцидентот: 13 април, Драчево, Скопје.
Извор на информацијата: Електронскиот медиум „Плусинфо.мк“ (Plusinfo.mk).
Вклучена(и) жртва(и): Освен материјалната штетна, немало директни жртви во овој инцидент.
Вид на кривично дело(а): Оштетување туѓи предмети чл. 243 КЗРМ .
Сторител(и): Непознат(и).
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Мотивот на пристрасност во овој инцидент е политичка припадност и политичко убедување, а индикаторите на пристрасност во овој инцидент се:
1. Локација – метата е место со политичко значење на таргетираната група.
2. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Непознат.
Одговор на надлежните власти: Преку „„Одговор на барање““ за информации од јавен карактер пратено од Комитетот, Министерството за внатрешни работи изјави дека се преземаат неопходните мерки за расчистување на случајот, забележувајќи дека ова кривично дело резултирало со помала материјална штета и следствено неопходна е приватна тужба за покренување судска постапка.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков тип ја доведуваат во прашање општата политичка ситуација во земјата и соживотот помеѓу различните етнички заедници во општеството.

39. Масовна тепачка помеѓу Македонци и Албанци во Радишани, Скопје (верифицирано)

Што се случило: Група од лица од мажи од македонска националност, по завршувањето на гласањето за првиот круг на претседателски избори, почнале да навредуваат, пцујат, а потоа и да тепаат албанско семејство што живеело во Радишани. Еден од сторителите со возило се упатил кон група жртви.
Датум, време и место на инцидентот: 13 април, 21:20-22:00 часот, Радишани, Скопје.
Извор на информацијата: Електронскиот медиум „алмакос.ком“ (almakos.com), албански, и ТВ Сител, македонски, и други.

Вклучена(и) жртва(и): Непознат број на членови на таргетираното албанско семејство, меѓу кои имало и малолетници и 74-годишна жена. Четворица од нив побарале медицинска помош.
Вид на кривично дело(а): Загрозување на сигурноста Чл.144, Тешки телесни повреди Чл.131 КЗРМ
Сторител(и): Непозната група на млади момчиња. Според медиумите, еден од сторителите исто така побарал медицинска помош.
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Мотивот на пристрасност во овој инцидент е политичка припадност и политичко убедување, како и етничко потекло, државјанство или јазик, а индикаторите на пристрасност во овој инцидент се:
1. Перцепција на жртвата – Со оглед на изјавите дадени за медиуми, јасно е дека жртвите сметаат дека инцидентот бил мотивиран од пристраност.
2. Коментари на местото на настаната – Сторителите ја почнале расправата со забелешки дека Албанците не гласале на изборите.
3. Разликата помеѓу жртвата и сторителот според етничка припадност.
4. Природа на насилството – Инцидентот бил извршен во јавност.
5. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Поднесени се кривични пријави.
Одговор на надлежните власти Министерството за внатрешни работи одговори на Барање за информации од јавен карактер испратено од Комитетот, дека е поднесена кривична пријава против само еден од сторителите (возачот на возилото) за делот Загрозување на сигурноста (Чл. 144 КЗРМ).
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков тип ја доведуваат во прашање општата политичка ситуација во земјата и соживотот помеѓу различните етнички заедници во општеството.

40. Потпретседателката на СДСМ Шеќеринска нападната од пратеникот Амди Бајрам и неговиот син (неверифицирано)

Што се случило: Според нејзината изјава за медиумите, Шеќеринска била нападната од Амди Бајрам и неговиот син (дел од владината коалиција) во текот на набљудувањето на изборниот процес во Шуто Оризари.
Датум, време и место на инцидентот: 13 април, основно училишта „Браќа Рамиз и Хамид“, Шуто Оризари, Скопје.
Извор на информацијата: Електронскиот медиум „Нова ТВ“.
Вклучена(и) жртва(и): Едно лице од женски пол, потпретседателката на најголемата опозициска партија во земјата.
Вид на кривично дело(а): Загрозување на сигурноста Чл.144, Тешка телесна повреда Чл.131 КЗРМ.
Сторител(и): Две лица од машки пол, што политички се дел од коалицијата на владејачката партија.
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Мотивот на пристрасност во овој инцидент е политичка припадност и политичко убедување, а индикаторите на пристрасност во овој инцидент се:
1. Место и време – инцидентот се случил во време и место од значење за изборниот процес (место на гласање, во текот на времето за гласање).
2. Природа на насилството – Инцидентот бил извршен во јавност.
3. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Непознат.
Одговор на надлежните власти: Министерството за внатрешни работи одговори на Барање за

информации од јавен карактер испратено од Комитетот, дека нема информации поврзани со овој инцидент.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков тип ја доведуваат во прашање општата политичка состојба во земјата и соживотот помеѓу различните заедници во општеството, како и успехот на изборниот процес.

41. Инцидент во Лисиче во текот на посетата на претседателскиот кандидат Стево Пендаровски (верифицирано)

Што се случило: СДСМ (најголемата опозициска партија) изјави дека во текот на средба со локалната заедница во Лисиче, Скопје, нивниот претседателски кандидат Стево Пендаровски бил вербално нападнат и имало обид за физички напад врз него. Полицијата изјавила дека инцидентот бил тепачка помеѓу четири членови на СДСМ и двајца членови на ВМРО-ДПМНЕ. ВМРО-ДПМНЕ го осуди насилството.
Датум, време и место на инцидентот: 15 април, Лисиче, Скопје.
Извор на информацијата: Локалниот медиум „24Вести".
Вклучена(и) жртва(и): Четири членови на опозициската партија (физички нападнати); Претседателскиот кандидат на опозициската партија (вербално нападнат).
Вид на кривично дело(а): Загрозување на сигурноста Чл.144, Телесна повреда Чл.130 КЗРМ.
Сторител(и): Двајца членови на владејачката партија. Политичката партија го осуди насилството.
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Мотивот на пристрасност во овој инцидент е политичката припадност и политичкото убедување, а индикатори на пристрасност во овој инцидент се:
1. Перцепцијата на жртвата – Од изјавите дадени за медиумите, може лесно да се заклучи дека жртвите - претставниците на СДСМ, сметаат дека инцидентот е предизвикан од пристрасност.
2. Место и време – инцидентот се случил во текот на политички митинг на таргетираната група.
3. Природа на насилството – Инцидентот бил извршен во јавност.
4. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Поднесени се прекршочни пријави.
Одговор на надлежните власти: Преку „„Одговор на барање"" за информации од јавен карактер пратено од Комитетот, Министерството за внатрешни работи изјави дека против вклучените лица се покренати прекршочни пријави, во согласност со Законот за прекршоци против јавниот ред и мир. Сепак, нема одговор во врска со фактот што укажува на можниот мотив за делото.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков тип ја доведуваат во прашање општата политичка состојба во земјата и соживотот помеѓу различните заедници во општеството.

42. Сериозни закани од страна на обезбедувањето и службата за хигиена во Градскиот трговски центар, Скопје (верифицирано)

Што се случило: Тројца геј мажи (од кои едниот е малолетник) во три или четири наврати биле вербално малтретирани и им биле упатени закани од страна на членови на службите за обезбедување и чистење во Гр4адскиот трговски центар во Скопје. Делот од Градскиот трговски центар каде се случиле заканите е познат како ЛГБТ крузинг ареа. Во една прилика, еден член на службата за обезбедување рекол "Педеру, ќе ти го извадиме џигерот!".
Датум, време и место на инцидентот: Април-мај (повеќе од една прилика), Градски трговски центар, Скопје.
Извор на информацијата: Интервју со жртвата.
Вклучена(и) жртва(и): Тројца млади геј мажи (од кои еден е малолетник.
Вид на кривично дело(а): Загрозување на сигурноста (чл.144).
Сторител(и): Вкупно петмина сторители – двајца од службата за обезбедување и тројца од службата за чистење.
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Мотивот на пристрасност во овој инцидент е сексуалната ориентација на жртвите, а индикатори на пристрасност во овој инцидент се:
1. Перцепција на жртвата – жртвата смета дека инцидентот е злосторство од омраза.
2. Природа на насилството – Инцидентот бил извршен во јавност.
3. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Непријавен (по избор на жртвата).
Одговор на надлежните власти: Н/Д.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков тип ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба на сексуалните малцинства во општеството, посебно на локации кои се познати како нивни свртувалишта.

43. Тепачка на Бит-пазар - група од 20 Албанци нападнале 16-годишен малолетник (неверифицирано)

Што се случило: Група од околу 20-ина мажи од албанско етничко потекло нападнале 16-годишно момче и двајца негови пријатели кои се здобиле со видливи повреди.
Датум, време и место на инцидентот: 16 април, 19:00часот, автобуска станица во близина на Бит Пазар, Скопје.
Извор на информацијата: Локалниот медиум „Пресс24" (Press24).
Вклучена(и) жртва(и): Три лица од машки пол со непознато етничко потекло, од кои потврдено е дека еден бил малолетник.
Вид на кривично дело(а): Загрозување на безбедноста Чл.144, Телесна повреда Чл.130 КЗРМ.
Сторител(и): Група од околу 20 непознати Албанци од машки пол.
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Мотивот на пристрасност во овој инцидент е етничката припадност, државјанство или јазик, а индикатори на пристрасност во овој инцидент се:
1. Претпоставена разлика помеѓу сторителот и жртвата според етничка припадност - Со оглед на мешаниот етнички состав на населението во заедницата што живее во регионот на Бит Пазар, може да се препостави дека етничката припадност на жртвата се разликува од онаа на сторителот.
2. Природа на насилството – Инцидентот бил извршен во јавност.
3. Недостаток на други мотиви
Статус на случајот: Под истрага.
Одговор на надлежните власти: Преку „Одговор на барање"то за информации од јавен карактер пратено од Комитетот, Министерството за внатрешни работи изјави дека се преземаат неопходните мерки за расчистување на случајот.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков тип ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички заедници во општеството.

44. Напад на подрачната кацеларија на СДСМ во Чаир (верифицирано)

Што се случило: Во текот на вечерните часови, непознати сторители ја демолирале локалната канцеларија на СДСМ во Чаир.

Датум, време и место на инцидентот: 26 април, рани утрински часови Чаир, Скопје.
Извор на информацијата: Електронскиот медиум „бриф.мк“ (brif.mk).
Вклучена(и) жртва(и): Освен материјалната штетна, немало директни жртви во овој инцидент.
Вид на кривично дело(а): Оштетување туѓи предмети чл. 243 КЗРМ, Предизвикување општа опасност (Чл. 288 КЗРМ).
Сторител(и): Непознат(и).
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Мотивот на пристрасност во овој инцидент е политичката припадност и политичкото убедување, а индикатори на пристрасност во овој инцидент се:
1. Локација – метата е место од политичко значење за целната група.
2. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Поднесени се кривични пријави.
Одговор на надлежните власти: Преку „Одговор на барање“то за информации од јавен карактер пратено од Комитетот, Министерството за внатрешни работи изјави дека поднесени се кривични пријави за делото „Предизвикување општа опасност“(чл. 288 КЗРМ) против петмина од сторителите. Сепак, нема одговор во врска со фактот што укажува на можниот мотив за делото.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков тип ја доведуваат во прашање општата политичка состојба во земјата и соживотот помеѓу различните групи во општеството.

45. Каменување на подрачната кацеларија на ВМРО-ДПМНЕ во Топанско Поле (верифицирано)

Што се случило: Непознати сторители ја каменувале локалната канцеларија на ВМРО-ДПМНЕ во Топанско Поле.
Датум, време и место на инцидентот: 20 април, Топанско Поле, Скопје.
Извор на информацијата: Националниот печатен медиум „Нова Македонија“.
Вклучена(и) жртва(и): Освен материјалната штетна, немало директни жртви во овој инцидент.
Вид на кривично дело(а): Оштетување туѓи предмети чл. 243 КЗРМ .
Сторител(и): Непознат(и).
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Мотивот на пристрасност во овој инцидент е политичката припадност и политичкото убедување, а индикатори на пристрасност во овој инцидент се:
1. Локација - на мета е место од политичко значење за целната група.
2. Шема на претходни инциденти – На овој инцидент му претходел инцидент во соседната населба Чаир, каде подрачната канцеларија на СДСМ бил демолирана во текот на претходната ноќ.
3. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Под истрага.
Одговор на надлежните власти: Преку „Одговор на барање“за информации од јавен карактер пратено од Комитетот, Министерството за внатрешни работи изјави дека преземени се неопходните мерки за расчистување на случајот, забележувајќи дека ова кривично дело резултирало со помала материјална штета, па соодветно на тоа потребна е приватна тужба за да се покрене судска постапка.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков тип ја доведуваат во прашање општата политичка состојба во земјата и соживотот помеѓу различните групи во општеството.

46. Каменување на втора подрачна канцеларија на ВМРО-ДПМНЕ во Топанско Поле (верифицирано)

Што се случило: Непознати сторители ја каменувале (втората) подрачната канцеларија на ВМРО-ДПМНЕ во Топанско Поле.

Датум, време и место на инцидентот: 20 април, Топанско Поле, Скопје.
Извор на информацијата: Националниот печатен медиум „Нова Македонија“.
Вклучена(и) жртва(и): Освен материјалната штетна, немало директни жртви во овој инцидент.
Вид на кривично дело(а): Оштетување туѓи предмети чл. 243 КЗРМ .
Сторител(и): Непознат(и)
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Мотивот на пристрасност во овој инцидент е политичката припадност и политичкото убедување, а индикатори на пристрасност во овој инцидент се:
1. Локација - на мета е место од политичко значење за целната група.
2. Шема на претходни инциденти – На овој инцидент му претходел инцидент во соседната населба Чаир, каде подрачната канцеларија на СДСМ била демолирана во текот на претходната ноќ.
3. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Под истрага.
Одговор на надлежните власти: Преку „Одговор на барање“ за информации од јавен карактер пратено од Комитетот, Министерството за внатрешни работи изјави дека преземени се неопходните мерки за расчистување на случајот, забележувајќи дека ова кривично дело резултирало со помала материјална штета, па соодветно на тоа потребна е приватна тужба за да се покрене судска постапка.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков тип ја доведуваат во прашање општата политичка состојба во земјата и соживотот помеѓу различните групи во општеството.

47. Напад на подрачна канцеларија на ВМРО-ДПМНЕ во Чаир (верифицирано)

Што се случило: Непознати сторители ја демолирале подрачната канцеларија на ВМРО-ДПМНЕ во Чаир.
Датум, време и место на инцидентот: 21 април, Чаир, Скопје.
Извор на информацијата: Националниот печатен медиум „Нова Македонија“.
Вклучена(и) жртва(и): Освен материјалната штетна, немало директни жртви во овој инцидент.
Вид на кривично дело(а): Оштетување туѓи предмети чл. 243 КЗРМ .
Сторител(и): Непознат(и).
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Мотивот на пристрасност во овој инцидент е политичката припадност и политичкото убедување, а индикатори на пристрасност во овој инцидент се:
1. Локацијата – на мета е место од политичко значење за целната група.
2. Шема на претходни инциденти – На овој инцидент му претходел инцидент во соседната населба Чаир, каде подрачната канцеларија на СДСМ била демолирана во текот на претходната ноќ
3. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Под истрага.
Одговор на надлежните власти: Преку „Одговор на барање“то за информации од јавен карактер пратено од Комитетот, Министерството за внатрешни работи изјави дека преземени се неопходните мерки за расчистување на случајот, забележувајќи дека ова кривично дело резултирало со помала материјална штета, па соодветно на тоа потребна е приватна тужба за да се покрене судска постапка.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата политичка состојба во земјата и соживотот помеѓу различните групи во општеството.

48. Демолирање на подрачната канцеларија на ДУИ во селото Канатларци во близина на Прилеп (верифицирано)

Што се случило: Непознати сторители ја демолирале подрачната канцеларија на ДУИ во селото Канатларци, прилепско.
Датум, време и место на инцидентот: 21 април, Канатларци, Прилеп.
Извор на информацијата: Националниот медиум „АлсатМ“ (албански).
Вклучена(и) жртва(и): Освен материјалната штетна, немало директни жртви во овој инцидент.
Вид на кривично дело(а): Оштетување туѓи предмети чл. 243 КЗРМ .
Сторител(и): Непознат(и).
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Мотивот на пристрасност во овој инцидент е политичката припадност и политичкото убедување, а индикатори на пристрасност во овој инцидент се:
1. Локацијата – на мета е место од политичко значење за целната група.
2. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Под истрага.
Одговор на надлежните власти: Преку „Одговор на барање“то за информации од јавен карактер пратено од Комитетот, Министерството за внатрешни работи изјави дека преземени се неопходните мерки за расчистување на случајот, забележувајќи дека ова кривично дело резултирало со помала материјална штета, па следствено потребна е приватна тужба за да се покрене судска постапка.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата политичка состојба во земјата и соживотот помеѓу различните групи во општеството.

49. Тепачка на дерби натпреварот помеѓу МЗТ и Лирија (верифицирано)

Што се случило: Навивачите клубови и на двата тимови започнаа повеќе тепачки во текот на кошаркарскиот натпревар помеѓу МЗТ и Лирија во Скопје.
Датум, време и место на инцидентот: 22 април, Спортски центар „Борис Трајковски“, Скопје
Извор на информацијата: Националниот електронски медиум 24Вести.
Вклучена(и) жртва(и): Непознат број на жртви од двете страни.
Вид на кривично дело(а): Телесна повреда Чл. 130 КЗРМ, Оштетување туѓи предмети (Чл. 243), Насилство (Чл. 386), Загрозување на сигурноста (Чл. 144), Напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста (Чл. 383).
Сторител(и): Непознат број на сторители од двете страни.
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Мотивот на пристрасност во овој инцидент е етничкото потекло, државјанство или јазик, додека индикатори на пристрасност во овој инцидент се:
1. Коментари – од извори на теренот Комитетот доби информации дека и двете страни постојано извикувале навредливи пароли исполнети со омраза.
2. Разлика помеѓу сторителот и жртвата според етничка припадност - овие навивачки клубови во главно се состојат од членови на само една етничка заедница (навивачите на МЗТ се главно Македонци, додека навивачите за Лирија се во главно Албанци).
3. Локација и време – инцидентот се случил во текот на спортски натпревар помеѓу тимовите на двете навивачки групи.
4. Природа на насилството – Инцидентот бил извршен во јавност.
5. Недостаток на други мотиви.

Статус на случајот: Сторителите се пронајдени. Случајот е под истрага.
Одговор на надлежните власти: Преку медиумите полицијата изјави дека ги привеле одговорните сторители и дека ќе се преземат соодветните мерки. Сепак, преку „Одговор на барање“ за информации од јавен карактер побарано од страна на Комитетот, Министерството за внатрешни работи изјави дека не биле регистрирани никакви инциденти во текот на тој натпревар.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во земјата.

50. Каменување на јавниот градски автобус бр. 55 во Брњанци (неверифицирано)

Што се случило: Според медиумите автобусот бр. 55 враќајќи од Арачиново, пренесувал учесници на политички митинг што се одржувал во Арачиново кратко време пред инцидентпт. Откако патниците слегле од автобусот, се собрале членови на локалната заедница и избила масовна тепачка. Кратко потоа интервенирала полицијата, на тој начин спречувајќи понатамошна ескалација на инцидентот. Медиумите изјавуват дека околните заедници се чувствуваат загрозено и несигурно поради инцидентот и зголеменото полициско присуство. Подоцна, полицијата даде јавна изјава дека инцидентот бил „сериозно нарушување на јавниот ред и мир“.
Датум, време и место на инцидентот: 22 април, село Брњанци, Скопје.
Извор на информацијата: Националниот електронски медиум „курир.мк“ (kurir.mk), локалниот електронски медиум „локално.мк“ (lokalno.mk).
Вклучена(и) жртва(и): Непознат број на жртви од двете страни.
Вид на кривично дело(а): Учество во тепачка Чл. 132 КЗРМ, Телесна повреда (Чл. 130), Загрозување на сигурноста (Чл.144), Оштетување туѓи предмети (Чл. 243).
Сторител(и): Непознат број на сторители, веројатно и од двете страни.
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Мотивот на пристрасност во овој инцидент е политичката припадност и политичкото убедување, додека индикатори на пристрасност во овој инцидент се:
1. Перцепција на жртвата/сведокот - жртвите се занимавале со активност за промоција на нивната политичка припадност пред инцидентот.
2. Локација и време – инцидентот избил кратко по промената на присуството на политичко малцинство во селото Брњанци.
3. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Под истрага.
Одговор на надлежните власти: Преку „Одговор на барање“то за информации од јавен карактер пратено од Комитетот, Министерството за внатрешни работи изјави дека преземени се неопходните мерки за расчистување на случајот, забележувајќи дека ова кривично дело резултирало со помала материјална штета, па соодветно на тоа потребна е приватна тужба за да се покрене судска постапка. Сепак, нема одговор во врска со фактот што укажува на можниот мотив за делото.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните групи во земјата.

51. Масовна тепачка во автобус од јавен транспорт бр. 50 (неверифицирано)

Што се случило: Возачот на автобусот пријавил инцидент кога две групи средношколци започнале вербална расправа што прераснала во масовна тепачка во автобусот. Кога се обидел да

интервенира, учениците го напуштиле автобусот, кршејќи неколку прозорци. Тепачката сопрела по полициската интервенција.
Датум, време и место на инцидентот: 25 април, 13:40 часот, бул. „Александар Македонски“ пред средното училиште „Боро Петрушевски“, Скопје.
Извор на информацијата: Националниот електронски медиум „курир.мк“ (kurir.mk).
Вклучена(и) жртва(и): Непознат број на жртви од двете страни.
Вид на кривично дело(а): Учество во тепачка Чл.132 КЗРМ, Телесна повреда (Atr.130), Загрозување на сигурноста (Чл.144), Насилство (Чл.386), и Оштетување туѓи предмети (Чл. 243).
Сторител(и): Непознат број на сторители, најверојатно од двете страни.
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Мотивот на пристрасност во овој инцидент е етничкото потекло, државјанство или јазик, додека индикатори на пристрасност во овој инцидент се:
1. Претпоставена разлика помеѓу сторителот и жртвата врз основа на етничка припадност - поради мешаното етничко потекло на учениците што посетуваат настава во училиштата во директна близија на инцидентот, етничката припадност на жртвата може да биде различна од онаа на сторителот.
2. Природа на насилството - до инцидентот дошло во јавност, во автобус од јавен градски превоз.
3. Недостаток на други мотиви - Преку медиумите, полицијата изјавила дека учесниците рекле дека не се познаваат и дека немале никакви претходни расправии.
Статус на случајот: Поднесени се кривични и прекршочни пријави.
Одговор на надлежните власти: Преку медиумите, полицијата изјави дека поднеле единаесет прекршочни пријави за „Нарушување на јавниот ред и мир“, и кривична пријава за „Оштетување туѓи предмети“. Сепак, преку „Одговор на барање“ за информација од јавен карактер, на барање на Комитетот, Министерството за внатрешни работи изјави дека против единаесетминатa се поднесени прекршочни пријави, во согласност со Законот за прекршоци против јавниот ред и мир, неспоменувајќи ја кривичната пријава што ја најавија преку медиумите. Исто така, немаше одговор во врска со фактот што упатува на можниот мотив за делото.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните групи во општеството.

52. Скршено стаклото од вратата на подрачната кацеларија на ВМРО-ДПМНЕ во Прилеп (верифицирано)

Што се случило: Непознат сторител ја скршил стаклената врата на подрачната кацеларија на ВМРО-ДПМНЕ во Прилеп.
Датум, време и место на инцидентот: 2 мај, 16:30 часот, ул. „Генерал Васко Карангелески“, Прилеп
Извор на информацијата: Националниот електронски медиум мкд.мк (mkd.mk).
Вклучена(и) жртва(и): Освен материјалната штетна, немало директни жртви во овој инцидент.
Вид на кривично дело(а): Оштетување туѓи предмети чл. 243 КЗРМ .
Сторител(и): Непознат(и).
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Мотивот на пристрасност во овој инцидент е политичката припадност и политичкото убедување, додека индикатори на пристрасност во овој инцидент се:
1. Локација – целта е место од политичко значење за целната група.
2. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Случајот е расчистен.

Одговор на надлежните власти: Преку „Одговор на барање“ за информација од јавен карактер, на барањето пратено од Комитетот, Министерството за внатрешни работи изјави дека случајот е расчистен, забележувајќи дека ова кривично дело резултирало со помала материјална штета, па соодветно на тоа, потребна е приватна тужба за да се покрене судска постапка. Жртвата е информирана за резултатите од истрагата. Сепак, нема одговор во врска со фактот што укажува на можниот мотив за делото.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање политичката и безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните групи во општеството.

53. Младо момче брутално претепано во автобус на јавен градски превоз, линија бр. 57 (неверифицирано)

Што се случило: 23-годишно момче било брутално претепано од група непознати сторители и се здобило со сериозни повреди пришто било хоспитализирано.
Датум, време и место на инцидентот: 4 мај, 03:30 часот, во автобус од јавен градски превоз, линија бр.57, додека автобусот поминувал по ул. „Цветан Димов“ во Скопје.
Извор на информацијата: Националниот печатен медиум „Дневник“.
Вклучена(и) жртва(и): Едно 23-годишно лице од машки пол.
Вид на кривично дело(а): Тешка телесна повреда Чл. 131, Загрозување на сигурноста Чл. 144, Насилство Чл. 386.
Сторител(и): Непознат број на сторители, организирани во група.
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Мотивот на пристрасност во овој инцидент е етничкото потекло, државјанство или јазик, додека индикатори на пристрасност во овој инцидент се:
1. Претпоставена разлика помеѓу сторителот и жртвата врз основа на етничка припадност - поради мешаното етничко потекло на населбите низ кои минува линија бр. 57, етничката припадност на жртвата можно е да била различна од онаа на сторителот.
2. Природа на насилството – инцидентот бил извршен во јавност, во јавен градски автобус.
3. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Поднесени се кривични пријави.
Одговор на надлежните власти: Преку „Одговор на барање“ за информација од јавен карактер, на барањето пратено од Комитетот Министерството за внатрешни работи изјави дека поднесени се кривични пријави за дело „Насилство“(Чл.386 КЗРМ) против четворицата сторители. Сепак, нема одговор во врска со фактот што укажува на можниот мотив за делото.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата политичка состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

54. Малолетник од Стајковци претепан во дворот на средното училиште „Боро Петрушевски“ (неверифицирано)

Што се случило: 16-годишник од село Стајковци бил претепан од страна на непозната група на сторители без никаква причина, и се здобил со видливи повреди.
Датум, време и место на инцидентот: 5 мај, 13:30 часот, бул. Александар Македонски, во дворот на средното училиште „Боро Петрушевски“, Скопје.
Извор на информацијата: Националниот медиум ТВ Сител.

Вклучена(и) жртва(и): Еден 16-годишен средношколец од машки пол од село Стајковци.
Вид на кривично дело(а): Телесна повреда Чл. 130 КЗРМ, Загрозување на сигурноста (Чл.144), Насилство (Чл.386).
Сторител(и): Непознат број на сторители.
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Мотивот на пристрасност во овој инцидент е етничкото потекло, државјанство или јазик, додека индикатори на пристрасност во овој инцидент се:
1. Претпоставена разлика помеѓу сторителот и жртвата според етничка припадност - поради мешаното етничко потекло на студентите што ги посетуваат средните училишта во непосредна близина на облсана на инцидентот, етничката припадност на сториелите можно е да е различна од онаа на жртвите.
2. Шема/ зачестеност на претходни кривични дела - овој инцидент доаѓа по масовна тепачка помеѓу средношколци што се случила пред неколку дена во истата област (инцидент бр.50).
3. Природа на насилството – инцидентот бил извршен јавно, во дворот на училиштето, пред другите ученици.
4. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Поднесени се прекршочни пријави.
Одговор на надлежните власти: Преку „Одговор на барање“ за информација од јавен карактер, на барањето пратено од Комитетот Министерството за внатрешни работи изјави дека се поднесени прекршочни пријави за дело „Физички напад“ во согласност со Законот за прекршоци против јавниот ред и мир против двајца од сторителите. Сепак, нема одговор во врска со фактот што укажува на можниот мотив за делото.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата политичка состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички заедници во општеството.

55. Експлодирала бомба во бањата на нападнатото семејство од Радишани (неверифицирано)

Што се случило: Во вечерните часови, непознати сторители фрлиле рачна бомба во бањата на семејството што било цел на напад неколку недели претходни, опишан во инцидент бр. 39.
Датум, време и место на инцидентот: 6 мај, Радишани, Скопје.
Извор на информацијата: Националниот електронски медиум „либертас.мк“ (libertas.mk) - мкд и „лајмпрес.ком“(lajmepress.com) - алб.
Вклучена(и) жртва(и): Освен материјалната штетна, немало директни жртви во овој инцидент. Индиректните жртви, семејството што било цел на нападот, изјавиле дека повеќе од триесет членови од нивното семејство се иселиле од земјата, затоа што се плашеле за личната сигурност по првиот инцидент.
Вид на кривично дело(а): Поттикнување на омраза, раздор и нетолерација врз национална, расна, верска или друга дискриминаторска основа Чл. 319 КЗРМ, Загрозување на сигурноста Чл. 144, Оштетување туѓи предмети Чл. 243.
Сторител(и): Непознат број на сторител(и).
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Мотивот на пристрасност во овој инцидент е етничкото потекло, државјанство или јазик, додека индикатори на пристрасност во овој инцидент се:
1. Перцепција на жртва/сведок – врз основа на изјавите дадени за медиуми, јасно е дека (индиректните) жртви сметаат дека инцидентот е предизвикан од пристрасност.
2. Претпоставена разлика помеѓу сторителот и жртвата според етничка припадност - поради фактот што ова е втор инцидент, додека учесниците во првиот беа со различно етничко потекло.
3. Шема/зачестеност на претходни инциденти – на овој инцидент му претходи инцидент од неколку недели претходно, кога истото семејство било на мета (инцидент бр.39).
4. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Под истрага, поднесени се кривични пријави.
Одговор на надлежните власти: Преку „Одговор на барање“ за информација од јавен карактер, на барањето пратено од Комитетот Министерството за внатрешни работи изјави дека се поднесени кривични пријави за дело „Предизвикување општа опасност“ (Чл.288 КЗРМ). Сепак, нема одговор во врска со фактот што укажува на можниот мотив за делото.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата политичка состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички заедници во општеството.

56. Демолирање на продавници на Албанци во Ѓорче Петров, Скопје (верифицирано)

Што се случило: 19-годишно момче било убиено од крадец додека се трудело да го врати својот украден велосипед заедно со татко си. Група на членови на локалната заедница дошле да изразат сочувство кога медиумите известиле дека убиецот е Албанец. Потоа групата се омасовила и почнала да демолира и пали продавници на Албанци во Ѓорче Петров, ограбувајќи некои од дуќаните.
Датум, време и место на инцидентот: 19 мај, вечерни часови, Ѓорче Петров, Скопје.
Извор на информацијата: Националниот печатен медиум „Фокус“ и локалниот медиум „24вести.мк“ (24Vesti.mk).
Вклучена(и) жртва(и): Освен материјалната штетна, немало директни жртви во овој инцидент.
Вид на кривично дело(а): Загрозување на сигурноста (Чл.144), Оштетување туѓи предмети чл. 243 КЗРМ , Поттикнување на омраза, раздор и нетолерација врз национална, расна, верска или друга дискриминаторска основа (Чл.319), Тешка кражба Чл.236 КЗРМ, Учество во толпа што ќе изврши кривично дело Чл.385 КЗРМ.
Сторител(и): Непознат број на сторител/и, Македонци.
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Мотивот на пристрасност во овој инцидент е етничкото потекло, државјанство или јазик, додека индикатори на пристрасност во овој инцидент се:
1. Перцепција на жртва/сведок – врз основа на изјавите дадени за медиуми, јасно е дека (индиректните) жртви сметаат дека инцидентот е мотивиран од пристрасност.
2. Коментари на местото на настаната – сторителите постојано извикувале навредливи и понижувачки извици за Албанците.
3. Разлика помеѓу сторителот и жртвата според етничка припадност - очигледно е дека овој инцидент е етнички мотивиран, и следствено (индиректните) жртви и сторители имаат различно етничко потекло.
4. Шема/зачестеност на претходни инциденти – овој инцидент следи по друг што се случил истиот ден, кога момче со македонска етничка припадност било убиено од крадец додека се обидувало да го врати велосипедот.
5. Природа на насилството – Инцидентот бил извршен во јавност.
6. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Поднесени се кривични пријави.
Одговор на надлежните власти: Преку медиумите, полицијата изјави дека ќе бидат преземени сите соодветни мерки, а покасно изјави дека по затишјето на овој инцидент, и на оној што следел

следниот ден, веќе поднеле кривични пријави против неколку сторители за „Учество во толпа што ќе изврши кривично дело“, и против други двајца за „Тешка кражба“.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата политичка состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички заедници во општеството.

57. Младо момче нападнато во Карпош (неверифицирано)

Што се случило: Додека чекало да премине улица, младо момче било нападнато без причина кога автомобил застанал до него, едно лице излегло и го удрило момчето по глава со тежок предмет. Момчето паднало во несвест, по што било пренесено во болница со амбулантен автомобил. Сведоците изјавиле дека ги забележале регистарските таблици на возилото во кое биле сторителите.
Датум, време и место на инцидентот: 23 мај, Карпош, Скопје.
Извор на информацијата: Националниот електронски медиум „Прес24.мк“(Press24.mk).
Вклучена(и) жртва(и): Еден млад човек со непознато етничко потекло.
Вид на кривично дело(а): Тешка телесна повреда Чл. 131 КЗРМ.
Сторител(и): Непознат број на сторител/и.
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Мотивот на пристрасност во овој инцидент е етничкото потекло, државјанство или јазик, додека индикатори на пристрасност во овој инцидент се:
1. Природа на насилството – Инцидентот бил извршен во јавност.
2. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Непознат.
Одговор на надлежните власти: Преку „Одговор на барање“ за информации од јавен карактер, Министерството за внатрешно работи на барањето пратено од Комитетот одговори дека жртвата одбила медицински третман и заминала од местото на настанот по своја волја, па соодветно на тоа немаат регистрирано никаков инцидент во нивната официјална евиденција.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички заедници во општеството.

58. Напад на младинскиот тим на кошаркарскиот клуб Вардар (неверифицирано)

Што се случило: По полуфиналниот натпревар што завршил со победа за Вардар (тим што традиционално има македонски играчи и навивачи), навивачите на тимот Шкупи (тим со традиционално албански играчи и навивачи) ги нападнал гостинските играчи од Вардар, пришто поединци од публиката се вмешале и ги нападнале играчите на Вардар и делегатите на Македонското кошаркарско здружени, фрлајќи кон нив со тешки предмети.
Датум, време и место на инцидентот: 8 јуни, Спортска сала „Антон Димитров“, Бутел, Скопје
Извор на информацијата: Националниот електронски медиум Бриф.мк (Brif.mk).
Вклучена(и) жртва(и): Повеќе играчи од младинскиот тим Вардар и неколку делегати од Македонското кошаркарско здружение.
Вид на кривично дело(а): Тешка телесна повреда Чл. 131 КЗРМ, Насилство (Чл.386), Загрозување на сигурноста (Чл.144), Поттикнување на омраза, раздор и нетолерација врз национална, расна, верска или друга дискриминаторска основа (Чл.319).
Сторител(и): Непознат број на сторител/и.

Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Мотивот на пристрасност во овој инцидент е етничкото потекло, државјанство или јазик, додека индикатори на пристрасност во овој инцидент се:
1. Претпоставена разлика помеѓу сторителот и жртвата според етничка припадност - поради традиционална различниот етничко состав на играчи и навивачки клубови, може да се претпостави дека етничката припадност на жртвите се разликува од таа на сторителите.
2. Локација и време – инцидентот се случил кратко по промена на присуството на малцинство во околината - македонски играчи и клуб на навивачи на домаќински терен на клуб со традиционално албански играчи и клуб на навивачи.
3. Природа на насилството – Инцидентот бил извршен во јавност.
4. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Непознат.
Одговор на надлежните власти: Преку медиумите полицијата изјави дека ќе се преземат соодветните мерки. Сепак, Министерството за внатрешни работи, преку „Одговор на барање“ за информација од јавен карактер побарана од Комитетот изјави дека немало прекршок против јавниот ред и мир во текот на натпреварот.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички заедници во општеството, како и сигурноста на спортските терени.

59. Претепани две Албанчиња во Ѓорче Петров (верифицирано)

Што се случило: Две момчиња биле нападнати со камења од страна на непозната група на сторители. Сторителите извикувале анти-албански навреди.
Датум, време и место на инцидентот: 10 јуни, Ѓорче Петров, Скопје.
Извор на информацијата: Националниот електронски медиум „алмакос.ком“ (almakos.com) (алб).
Вклучена(и) жртва(и): Двете млади Албанчиња се здобиле со видливи повреди.
Вид на кривично дело(а): Тешка телесна повреда Чл. 131 КЗРМ, Насилство (Чл.386), Загрозување на сигурноста (Чл.144).
Сторител(и): Непознат број на сторител/и, се претпоставува од македонско етничко потекло.
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Мотивот на пристрасност во овој инцидент е етничкото потекло, државјанство или јазик, додека индикатори на пристрасност во овој инцидент се:
1. Перцепција на жртвата/сведокот - Од изјавите дадени за медиуми, може лесно да се изведе заклучок дека жртвите сметаат дека инцидентот е поттикнат од пристрасност.
2. Коментари – во текот на нападот, сторителите гласно извикувале анти-албански навреди.
3. Разлика помеѓу жртвата и сторителот според етничка основа.
4. Природа на насилството – Инцидентот бил извршен во јавност.
5. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Поднесени се кривични пријави.
Одговор на надлежните власти: Преку „Одговор на барање“ за информација од јавен карактер побарана од Комитетот, Министерството за внатрешни работи изјави дека дваесет и седум лица биле уапсени во врска со „настаните во Ѓорче Петров“ и дека се поднесени кривични пријави против голем број сторители, за делата Учество во толпа што ќе спречи службено лице во вршење на службено дејствие (Чл.384), Насилство (Чл.386), Тешка кражба (Чл.236), Загрозување со опасно орудие при тепачка или караница (Чл.133 КЗРМ), Учество во толпа што ќе изврши кривично дело (Чл.385). Но, одговорот на Министерството најверојатно се однесува на претходни инциденти во

оваа општина, а не на оној за кој Комитетот побарал информации. Исто така, нема одговор на фактот што укажува на можниот мотив за кривичното дело.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички заедници во општеството.

60. Група на млади луѓе поттикнуваат меѓунационална омраза (верифицирано)

Што се случило: Како одговор на демострациите во Скопје предизвикани од пресудата во судскиот случај „Монструм“, група млади луѓе од Битола се фотографирале со знак на којшто пишува „Смрт за Шиптари“ (Шиптари - погрден термин за албанци). На фотографијата може да се види како младите го прават нацистичкиот поздрав.
Датум, време и место на инцидентот: 9 јули, Битола.
Извор на информацијата: Националниот електронски медиум „тетова1.ком“ (tetova1.com), алб.
Вклучена(и) жртва(и): Овој инцидент не резултирал со директни жртви - насочен е кон целата албанска заедница.
Вид на кривично дело(а): Поттикнување на омраза, раздор и нетолерација врз национална, расна, верска или друга дискриминаторска основа (Чл. 319).
Сторител(и): Група од повеќе од 20 македонци од машки пол.
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Мотивот на пристрасност во овој инцидент е етничкото потекло, државјанство или јазик, додека индикатори на пристрасност во овој инцидент се:
1. Коментари – на сликата, сторителите држат знак што вели „Смрт за Шиптари“, и прават нацистички поздрав.
2. Разлика помеѓу жртвата и сторителот на етничка основа.
Статус на случајот: Непознат.
Одговор на надлежните власти: Преку „Одговор на барање“ за информации од јавен карактер, на барањето испратено од Комитетот, Министерството за внатрешни работи изјави дека немаат информации во врска со инцидентот.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички заедници во општеството.

61. Две лица нападнати со нож во Жена Парк во Скопје (неверифицирано)

Што се случило: Непознат сторител се приближил до двојка што седела на клупа, почнал да ги малтретира, извадил нож и продолжил да кажува навреди.
Датум, време и место на инцидентот: 10 јули, 17:00 часот, Жена Парк, Скопје
Извор на информацијата: Локалниот електронски медиум скопјеинфо.мк (skopjeinfo.mk).
Вклучена(и) жртва(и): Две лица (машко и женско) од селото Бујковци, најверојатно Македонци.
Вид на кривично дело(а): Тешка телесна повреда Чл. 131 КЗРМ, Насилство (Чл.386), Загрозување на сигурноста (Чл.144), Загрозување со опасно орудие при тепачка или караница (Чл.133 КЗРМ).
Сторител(и): Еден сторител, од селото Кондово, веројатно од Албанско етничко потекло.
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Мотивот на пристрасност во овој инцидент е етничкото потекло, државјанство или јазик, додека индикатори на пристрасност во овој инцидент се:
1. Претпоставена разлика помеѓу сторителот и жртвата врз основа на етничка припадност - Медиумите пласираа информација дека сторителот е од Кондово (доминантно албанско население), а жртвите се од Бујковци (доминантно македонско население, на последниот попис воопшто не биле регистрирани Албанци).
2. Природа на насилството – Инцидентот бил извршен во јавност.
3. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Поднесени се кривичи пријави.
Одговор на надлежните власти: Преку „Одговор на барање“ за информации од јавен карактер, на барањето испратено од Комитетот, Министерството за внатрешни работи изјави дека против едно лице е покрената кривична пријава за „Загрозување со опасно орудие при тепачка или караница” (Чл.133 КЗРМ). Сепак, нема одговор во врска со фактот што укажува на можниот мотив за делото.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички заедници во општеството.

62. Група млади луѓе нападнати во Влае (верифицирано)

Што се случило: Неколку млади момчиња од албанска етничка припадност од Нерези биле нападнати во Влае. Инцидентот се случил во близина на Спортскиот терен во Влае кога седум или осум сторители почнале да фрлаат по нив со камења, повредувајќи две од момчињата. Безбедносната служба на стадионот ја известила полицијата.
Датум, време и место на инцидентот: 11 јули, 00:45 часот, Скопје.
Извор на информацијата: Локалниот електронски медиум „порталаб.мк“ (portallab.mk).
Вклучена(и) жртва(и): Група на момчиња Албанци од Нерези, Скопје.
Вид на кривично дело(а): Тешка телесна повреда Чл. 131 КЗРМ, Насилство (Чл.386), Загрозување на сигурноста (Чл.144).
Сторител(и): Група од седум или осум сторители, најверојатно Македонци.
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Мотивот на пристрасност во овој инцидент е етничкото потекло, државјанство или јазик, додека индикатори на пристрасност во овој инцидент се:
1. Претпоставена разлика помеѓу сторителот и жртвата врз основа на етничка припадност - Медиумите пласираа информација дека жртвите се од Нерези (доминантно албанско население), додека инцидентот се случил во близина на Спортскиот терен во Влае (доминантно македонско население).
2. Природа на насилството – Инцидентот бил извршен во јавност.
3. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Поднесена е кривична пријава.
Одговор на надлежните власти: Преку „Одговор на барање“ за информации од јавен карактер, на барањето испратено од Комитетот, Министерството за внатрешни работи изјави дека поднеле кривична пријава против непознат сторител за делото „Насилство“.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички заедници во општеството.

63. Демолирање на кафе-бар во Скопје поради македонска музика (верифицирано)

Што се случило: Група од околу десет сторители околу полноќ започнале вербална расправија што кулминирала со демолирање на барот Њу Орлеанс во Старата Чаршија во Скопје и оштетување

приватен имот. На нападот му претходела вербална расправија кога еден од сторителите побарал дицејот да не пушта македонска пузика. Покасно во постапката, Јавниот Обивинител докажал дека сторителите биле членови на навивачкиот клуб „Шверцери“.
Датум, време и место на инцидентот: 5 август, 00:00 часот, Стара Чаршија, Скопје.
Извор на информацијата: Локалниот електронски медиум „скопјеинфо.мк“.
Вклучена(и) жртва(и): Освен материјалната штетна, немало директни жртви во овој инцидент.
Вид на кривично дело(а): Учество во тепачка (Чл.132), Учество во толпа што ќе спречи службено лице во вршење на службено дејствие (Чл.384).
Сторител(и): Група од околу десет сторители, Албанци од машки пол.
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Мотивот на пристрасност во овој инцидент е верска припадност или убедување, додека индикатори на пристрасност во овој инцидент се:
1. Разлика помеѓу сторителот и жртвата врз основа на етничка припадност според етничка основа - сторителите биле Албанци, додека сопственикот на локалот е Македонец.
2. Коментарите на местото на настанот – На инцидентот му претходела вербална расправија во која сторителите побарале од дицејот да не пушта македонска музика.
3. Природа на насилството – Инцидентот бил извршен во јавност.
4. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Двајца од сторителите биле прогласени за виновни и осудени.
Одговор на надлежните власти: Властите го расчистија случајот, поднесоа пријава, покренаа постапка и осудија двајца од сторителите за делото „Насилство“.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички заедници во општеството.

64.Претепување на 15-годишник во Скопје, таткото тврди поради етнички мотиви (неверифицирано)

Што се случило: На раскрсницата помеѓу ул. „Ферид Бајрам“ и ул. „Рокомија“ во Скопје, 15-годишно момче било нападнато од група на неколку млади лица, кои му нанеле телесни повреди. Таткото на момчето тврди дека во прашање е етничка пристраност.
Датум, време и место на инцидентот: 10 август, 02:40 часот, Скопје.
Извор на информацијата: Локалниот електронски медиум „плусинфо.мк“ (plusinfo.mk.).
Вклучена(и) жртва(и): Едно 15-годишно момче од македонска етничка припадност.
Вид на кривично дело(а): Телесна повреда Чл. 130 КЗРМ, Загрозување на сигурноста (Чл.144), Насилство (Чл.386).
Сторител(и): Група непознати сторители.
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Мотивот на пристрасност во овој инцидент е етничкото потекло, државјанство или јазик, додека индикатори на пристрасност во овој инцидент се:
1. Перцепција на сведок/жртва – Врз основа на изјавите дадени за медиумите, може да се заклучи дека жртвата смета дека овој инцидент бил мотивиран од пристраност.
2. Природа на насилството – Инцидентот бил извршен во јавност.
3. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Поднесени се кривични пријави.
Одговор на надлежните власти: Преку „Одговор на барање“ за информации од јавен карактер, на барањето испратено од Комитетот, Министерството за внатрешни работи изјави дека поднеле кривична пријава против двајца сторители за делото „Насилство“ .Сепак, нема одговор во врска со фактот што укажува на можниот мотив за делото.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички заедници во општеството.

65. Тепачка пред билетарницата на скопскиот стадион (верифицирано)

Што се случило: Во текот на фудбалски натпревар помеѓу ФК Вардар и ФК Шкендија избила тепачка пред билетарницата кај Стадионот „Филип Втори“ во Скопје, во текот на која и’ биле нанесени телесни повреди на најмалку една личност.
Датум, време и место на инцидентот: 10 август, 18:30 часот, Стадион „Филип Втори“, Скопје.
Извор на информацијата: Локалниот електронски медиум „центарњуз.мк“ (centarnews.net).
Вклучена(и) жртва(и): На најмалку едно лице му биле нанесени полесни телесни повреди, од непозната националност.
Вид на кривично дело(а): Учество во тепачка (Чл.132), Насилство (Чл.386), Телесна повреда (Чл.130).
Сторител(и): Непозната група на сторители.
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: До овој инцидент дошло во тек на спортски натпревар, а мотивот на пристрасност во овој инцидент е етничкото потекло, државјанство или јазик, додека индикатори на пристрасност во овој инцидент се:
1. Разлика помеѓу сторителот и жртвата според етничка основа - членовите на навивачките клубови (Шверцери и Комити) се со различна етничка припадност.
2. Културни разлики - жртвата се занимавала со активности за промоција на неговиот/нејзиниот настан за време на инцидентот.
3. Природа на насилството – Инцидентот бил извршен во јавност.
4. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Непознат
Одговор на надлежните власти: Преку „Одговор на барање“ за информации од јавен карактер, на барањето испратено од Комитетот, Министерството за внатрешни работи изјави дека немаат информации за било каков инцидент поврзан со тој спортски натпревар.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички заедници во општеството.

66. Млад хомосексуалец нападнат од двајца сторители (верифицирано)

Што се случило:. 20-годишно момче било физички нападнато со камења од двајца непознати сторители.
Датум, време и место на инцидентот: 11 август, ул. „Филип Втори Македонски“ во Општина Центар, Скопје.
Извор на информацијата: интервју со жртвата.
Вклучена(и) жртва(и): Едно 20-годишно момче било каменувано. Како резултат на нападот на жртвата и’ биле нанесени повреди во предлот на главата.
Вид на кривично дело(а): Насилство (Чл.386), Телесна повреда (Чл.130).
Сторител(и): Двајца непознати сторители.
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Мотивот на пристрасност во овој

инцидент е сексуалната ориентација на жртвата, додека индикатори на пристрасност во овој инцидент се:
1. Перцепција на жртвата – жртвата го доживува инцидентот на злосторство од омраза.
2. Природа на насилството– Инцидентот бил извршен во јавност.
3. Недостаток на други мотиви.

Статус на случајот: Под истрага.
Одговор на надлежните власти: Комитетот го пријави случајот на властите, откако доби согласност на жртвата. Жртвата беше повикана од страна на полицијата на препознавање можни осомничени.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба на сексуалните малцинства во општеството, особено на оние локации каде почесто се движат.

67. Хомосексуалец нападнат од двајца непознати сторители (верифицирано)

Што се случило: Еден млад хомосексуалец бил физички нападнат од двајца непознати сторители на локација општо позната како место каде се среќаваат ЛГБТ луѓе. Во текот на нападот сторителите извикувале хомофобични навреди, и го нарекувале „Педер“.
Датум, време и место на инцидентот: 15 август - 1 септември (точниот датум е непознат), место познато како адвокатска улица, бул. „Крсте Мисирков“, Скопје.
Извор на информацијата: интервју со жртвата.
Вклучена(и) жртва(и): еден млад хомосексуалец.
Вид на кривично дело(а): Насилство (Чл.386).
Сторител(и): Двајца непознати сторители.
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Мотивот на пристрасност во овој инцидент е сексуалната ориентација на жртвата, додека индикатори на пристрасност во овој инцидент се:
1. Перцепција на жртвата – жртвата го доживува инцидентот на злосторство од омраза
2. Локација – Инцидентот се случил на локација што е општо позната како област каде се движат ЛГБТ.
3. Природа на насилството – Инцидентот бил извршен во јавност.
4. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Непознат
Одговор на надлежните власти: Кога жртвите се обиделе до го пријават инцидентот во полиција, полицијата се заканила со поднесување пријава за „Лажно пријавување кривично дело“, против жртвите.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба на сексуалните малцинства во општеството, особено на оние локации каде е познато дека тие се движат.

68. Две млади момчиња каменувани од непознати сторители (верифицирано)

Што се случило: 20-годишно момче и еден малолетник биле физички нападнати со камења од страна на два непознати сторители, поради нивната сексуална ориентација.
Датум, време и место на инцидентот: 19 август, ул. Филип Втори Македонски во Општина Центар, Скопје.

Извор на информацијата: интервју со жртвите.
Вклучена(и) жртва(и): Еден 20-годишник и малолетник биле каменувани, но успеале да избегаат. Не биле повредени.
Вид на кривично дело(а): Насилство (Чл.386).
Сторител(и): Двајца непознати сторители.
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност:
Статус на случајот: Непознат
Одговор на надлежните власти: Комитетот го пријави случајот на надлежните, по добиена согласност од жртвата. Нема други информации во врска со истрагата.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба на сексуалните малцинства во општеството, особено на оние локации каде е познато дека тие се движат.

69. Четири млади лица биле нападнати со камења од страна на пет сторители поради нивната сексуална ориентација (верифицирано)

Што се случило: Четири лица биле каменувани од страна на пет сторители на локација општо позната како област каде се движат ЛГБТ лица. Во текот на нападот сторителите извикувале хомофобични навреди.
Датум, време и место на инцидентот: 15 август - 1 септември (точниот датум не е познат, но се случил четири дена по Инцидентот бр. 67), место познато како адвокатска улица, бул. Крсте Мисирков, Скопје.
Извор на информацијата: интервју со жртвата
Вклучена(и) жртва(и): Четири млади лица меѓу кои едно било малолетно.
Вид на кривично дело(а): Насилство (Чл.386).
Сторител(и): Пет непознати сторители, на возраст од 13 до 18 години. Двајца од нив биле истите сторители како оние во Инцидентот бр. 67.
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Мотивот на пристраност во овој инцидент е сексуалната ориентација на жртвата, а индикаторите за пристрасност во овој инцидент се:
1. Перцепција на жртвата – жртвата го доживува инцидентот како злосторство од омраза.
2. Локација – Инцидентот се случил на локација позната како место за собирање на ЛГБТ лица.
3. Природа на насилството – Инцидентот бил извршен во јавност.
4. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Непријавен (по избор на жртвата).
Одговор на надлежните власти: Н/Д.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба на сексуалните малцинства во општеството, особено на оние локации каде е познато дека тие се движат.

70. Група непознати луѓе опколила продавница во Ѓорче (верифицирано)

Што се случило: Ф.М., Албанец, дојде во Комитетот и се пожали дека група од околу 20 млади луѓе му ја опколиле продавницата во населбата Ѓорче Петров, кратко по немирите на етничка основа што се случија во таа населба. Според неговата изјава, групата ги нападнала неговиот син и внук еден ден претходно.
Датум, време и место на инцидентот: 29 Август, Ѓорче Петров, Скопје.

Извор на информацијата: Интервју со жртвата.
Вклучена(и) жртва(и):. Еден Албанец.
Вид на кривично дело(а): Загрозување на сигурноста (Чл.144).
Сторител(и): Група од околу 20 сторители, Македонци од машки пол.
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Мотивот на пристраност во овој инцидент е верската припадност и убедување, а индикаторите за пристрасност во овој инцидент се:
1. Перцепција на жртвата – жртвата го доживува овој инцидент како мотивиран од пристрасност.
2. Разлика помеѓу жртвата и сторителите според етничка основа – сторителите биле Македонци, додека сопственикот на локалот Албанец.
3. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Непознат
Одговор на надлежните власти: Преку „Одговор на барање" за информации од јавен карактер, на барањето испратено од Комитетот, Министерството за внатрешни работи изјави дека немаат информации во врска со овој инцидент.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

71. Напад на 17-годишник во автобус на јавен транспорт бр. 57 (верифицирано)

Што се случило: Неколку сторители нападнале 17-годишник во автобус од јавниот транспорт бр.57, без никаква причина.
Датум, време и место на инцидентот: 31 август, 02:00 часот, јавна автобуска линија бр. 57, Скопје.
Извор на информацијата: Локалниот електронски медиум „република.мк" (republika.mk).
Вклучена(и) жртва(и): Едно лице со непозната националност.
Вид на кривично дело(а): Учество во тепачка (Чл.132), Насилство (Чл.386), Телесна повреда (Чл.130).
Сторител(и): Непозната група на сторители.
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Мотивот на пристрасност во овој инцидент е етничкото потекло, државјанство или јазик, додека индикатори на пристрасност во овој инцидент се:
1. Разлика помеѓу сторителот и жртвата според етничка основа - Поради мешаниот етнички состав на населението во селото Радишани (селото до кое патува автобуската линија бр. 57) и другите транзитни постојки на линијата на автобусот бр. 57, етничката припадност на жртвата можно е да е различна од онаа на сторителите.
2. Природа на насилството – Инцидентот бил извршен во јавност.
3. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Поднесени се кривични пријави.
Одговор на надлежните власти: Преку „Одговор на барање" за информации од јавен карактер, на барањето испратено од Комитетот, Министерството за внатрешни работи изјави дека поднесени се кривични пријави против три лица за дело „Насилство".
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

72. Малолетник нападнат на автобуска станица (верифицирано)

Што се случило: Малолетник бил физички нападнат од непознат сторител поради неговата сексуална ориентација.

Датум, време и место на инцидентот: 5 септември, автобуска постојка кај Бит Пазар, Општина Чаир, Скопје.
Извор на информацијата: интервју со жртвата.
Вклучена(и) жртва(и): Малолетникот бил физички нападнат, но не бил повреден.
Вид на кривично дело(а): Насилство (Чл.386).
Сторител(и): Еден непознат сторител.
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Мотивот на пристраност во овој инцидент е сексуалната ориентација на жртвата, а индикаторите за пристрасност во овој инцидент се:
1. Перцепција на жртвата – жртвата го доживува инцидентот како злосторство од омраза.
2. Природа на насилството – Инцидентот бил извршен во јавност.
3. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Непријавено (по избор на жртвата).
Одговор на надлежните власти: Н/Д.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба на сексуалните малцинства во општеството, особено на оние локации каде е познато дека тие се движат.

73. Претепани две момчиња во автобус на јавениот градски превоз бр. 65. (неверифицирано)

Што се случило: Неколку маскирани сторители, оружени со безбол палки, нападнале две лица од Скопје во автобусот од јавен градски превоз бр. 65, нанесувајќи им телесни повреди.
Датум, време и место на инцидентот: 13 септември, 01:00 часот, Јавен градки превоз линија бр.57, Ченто, Скопје.
Извор на информацијата: Локалниот електронски медиум „нетпрес.ком" (netpress.com).
Вклучена(и) жртва(и): Две лица со непозната националност.
Вид на кривично дело(а): Учество во тепачка (Чл.132), Насилство (Чл.386), Телесна повреда (Чл.130).
Сторител(и): Непозната група на сторители.
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Мотивот на пристрасност во овој инцидент е етничкото потекло, државјанство или јазик, додека индикатори на пристрасност во овој инцидент се:
1. Разлика помеѓу сторителот и жртвата според етничка основа - Поради мешаниот етнички состав на населението во селото Раштак (селото до кое патува автобуската линија бр. 65) и другите транзитни постојки на линијата на автобусот бр. 65, етничката припадност на жртвата можно е да била различна од онаа на сторителите.
2. Природа на насилството – Инцидентот бил извршен во јавност.
3. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Непознат.
Одговор на надлежните власти: Министерството за внатрешни работи одговори на Барање за информации од јавен карактер испратено од Комитетот, дека е поднесен Извештај за примање кривична пријава против непознат сторител за кривично дело Насилство.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

74. Тепачка помеѓу ученички во скопското средно училиште „Марија Кири Склодовска “(неверифицирано)

Што се случило: Две групи средношколки (Македонки и Албанки) од скопското средно училиште „Марија Кири Склодовска“ започнале тепачка во текот на часот по физичко. Според една од средношколките од македонско етничко потекло, професорот, кој е Албанец, удрил една од Македонките.
Датум, време и место на инцидентот: 26 септември, 2014, 14:00 часот, скопско средно училиште „Марија Кири Склодовска“.
Извор на информацијата: Локалниот електронски медиум „плусинфо.мк“ (plusinfo.mk).
Вклучена(и) жртва(и): Две групи средношколки, една од македонско, другата од албанско етничко потекло.
Вид на кривично дело(а): Учество во тепачка (Чл.132), Насилство (Чл.386).
Сторител(и): Две групи средношколки, една од македонско, другата од албанско етничко потекло и еден професор во средното училиште (Албанец).
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Мотивот на пристрасност во овој инцидент е етничкото потекло, државјанство или јазик, додека индикатори на пристрасност во овој инцидент се:
1. Разлика помеѓу сторителот и жртвата според етничка основа –етничкото потекло на групите што се степале е различно. Исто така, професорот е Албанец, додека девојката што ја удрил е Македонка.
2. Природа на насилството – Инцидентот бил извршен во јавност, во текот на часот по физичко.
3. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Непознат.
Одговор на надлежните власти: Министерството за внатрешни работи одговори на Барање за информации од јавен карактер испратено од Комитетот, дека нема информации поврзани со овој инцидент.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

75. Членовите на навивачките клубови Шверцери и Војводи фрлале со камења едни врз други (верифицирано)

Што се случило: Во текот на фудбалскиот натпревар помеѓу ФК Тетекс од Тетово, и ФК Шкупи од Скопје, членовите на навивачкиот клуб Шверцери (Шкупи) и Војводи (Тетекс) почнале да извикуваат навредливи зборови едни за други, по што почнале да фрлаат со камења едно кон други, оштетувајќи едно од амбулантните возила.
Датум, време и место на инцидентот: 14 октомври, 15:00 часот, Градскиот стадион во Тетово.
Извор на информацијата: Локалниот електронски медиум плусинфо.мк (plusinfo.mk).
Вклучена(и) жртва(и): Една личност со непозната националност.
Вид на кривично дело(а): Учество во тепачка (Чл.132), Насилство (Чл.386), Оштетување туѓи предмети (Чл. 243) КЗРМ.
Сторител(и): Непознат број на членови од двата навивачки клубови, од кои едниот се состои од Македонци, а другиот од Албанци.
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Мотивот на пристрасност во овој инцидент е етничкото потекло, државјанство или јазик, додека индикатори на пристрасност во овој инцидент се:
1. Разлика помеѓу сторителот и жртвата според етничка основа –етничкото потекло на групите што се степале е различно. Шверцери се албански навивачки клуб, додека Војводи се македонски.
2. Културни разлики помеѓу сторителот и жртвата – за време на инцидентот, и двете групи биле инволвирани во активности што ја промовираат нивната култура и групен идентитет.
3. Коментари – На инцидентот му претходела размена на навредливи извици помеѓу членовите на навивачките клубови.
4. Природа на насилството – Инцидентот бил извршен во јавност.
5. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Под истрага.
Одговор на надлежните власти: Министерството за внатрешни работи одговори на Барање за информации од јавен карактер испратено од Комитетот, дека ги преземаат потребните мерки за целосно разјаснување на случајот.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

76. Еден малолетник повреден во автовус од јавен градски превоз бр. 2 (неверифицирано)

Што се случило: Еден малолетник бил нападнат под поголема група, здобивајќи се со повреди на главата. Инцидентот се случил во автобус од јавниот градски транспорт бр. 2, на бул. „Партизански одреди“ за време на фудбалски натпревар меѓу двата тимови чиишто клубови на навивачи се со различна етничка припадност и имаат претходна историја на насилно однесување во тек на натпревари.
Датум, време и место на инцидентот: 22 октомври, 13:40 часот, автобус на јавен градски превоз, линија бр. 2, на бул. „Партизански одреди“ во Скопје.
Извор на информацијата: Локалниот електронски медиум „новатв.мк“ (novatv.mk).
Вклучена(и) жртва(и): Едно малолетно момче со непознато етничко потекло.
Вид на кривично дело(а): Телесна повреда (Чл.130 КЗРМ), Насилство (Чл.386), Загрозување на сигурноста (Чл.144).
Сторител(и): Непознат број на сторители со непознато етничко потекло, организирани како голема група.
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Мотивот на пристрасност во овој инцидент е етничкото потекло, државјанство или јазик, додека индикатори на пристрасност во овој инцидент се:
1. Разлика помеѓу сторителот и жртвата според етничка основа – Возната линија на автобус бр. 2 го вклучува Сарај, големо село населено претежно од Албанци, па може да се изведе логички заклучок дека патниците во овој автобус исто така би имале слично етничкото потекло, додека инцидентот се случил во област претежно населена од Македонци.
2. Локација и време – Инцидентот се случил во автобус од јавен градски превоз, линија бр. 2 што води до село со доминантно албанско население. Исто така се случил за време на фудбалски меч помеѓу два тиме чиишто навивачи имаат различно етничко потекло и претходна историја на насилно однесување во текот на натпреварите.
3. Природа на насилството - Инцидентот бил извршен во јавност.
4. Недостаток на други мотиви
Статус на случајот: Под истрага.
Одговор на надлежните власти: Министерството за внатрешни работи одговори на Барање за информации од јавен карактер испратено од Комитетот, дека е поднесен Извештај за примање

кривична пријава против непознат сторител за кривично дело Насилство.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

77. ЛГБТИ заедницата беше нападната во Старата Чаршија во Скопје (верифицирано)

Што се случило: Во текот на прославата на вториот роденден на ЛГБТИ Центарот за поддршка, група од околу 40 маскирани сторители трчајќи се упатиле кон кафе-барот и го каменувале, додека внатре имало повеќе од шеесет луѓе. Во текот на нападот двајца од гостите биле пред самиот локал, па групата почнала да ги удира со стаклени шишиња и тупаници, викајќи им дека „треба да си одат" и дека „нема место за педери во Стара Чаршија". Неколку од гостите внатре се здобија со помали посекотини од искршеното стакло.
Датум, време и место на инцидентот: 23 октомври, 21:30 часот, кафе-бар Дамар, Стара чаршија, Скопје.
Извор на информацијата: Соопштение за јавност на Хелсиншкиот комитет за човекови права.
Вклучена(и) жртва(и): Две лица на кои им биле нанесени потешки телесни повреди, околу шеесет луѓе внатре во кафе-барот.
Вид на кривично дело(а): Телесна повреда (Чл.130 КЗРМ), Оштетување туѓи предмети (Чл.243), Насилство (Чл.386), Загрозување на сигурноста (Чл.144) Загрозување со опасно орудие при тепачка или караница (Чл.133).
Сторител(и): Непозната група од околу триесетина напаѓачи.
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Мотивот на пристрасност во овој инцидент се сексуалната ориентација и сексуалниот идентитет, додека индикатори на пристрасност во овој инцидент се:
1. Културната разлика помеѓу сторителот и жртвата – за време на инцидентот, жртвите се занимаваа со активности за промоција и прославување на нивната култура, сексуална ориентација и родов идентитет, прославувајќи го датумот на вториот роденден на ЛГБТИ Центарот за поддршка.
2. Коментари – сторителите извикувале навредливи и заканувачки коментари за заедницата на жртвите.
3. Шема на претходни инциденти – инцидентот претставува шести напад на ЛГБТИ Центарот за поддршка и неговите активности во Старата Чаршија во текот на првите две години постоење.
4. Природа на насилството – Инцидентот бил извршен во јавност.
5. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Под истрага.
Одговор на надлежните власти: Министерството за внатрешни работи одговори на Барање за информации од јавен карактер испратено од Комитетот, дека е поднесен Извештај за примање кривична пријава против непознат сторител/и за кривично дело Насилство. Во одговорот нема информации за можниот мотив на делото.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедноста состојба на сексуалните малцинства во земјата.

78. Четворица геј мажи нападнати со камења (верифицирано)

Што се случило: Четворица геј мажи (од кои двајца малолетници) биле нападнати со камења од страна на две момчиња од албанска етничка припадност. Во текот на нападот, сторителите извикувале хомофобични навреди на албански.

Датум, време и место на инцидентот:. 3-5 ноември (точниот датум е непознат), 12:00 часот, во близина на Природно-математичкиот Факултетот, Скопје.
Извор на информацијата: интервју со жртвата.
Вклучена(и) жртва(и): Четворица геј мажи (од кои двајца се малолетни).
Вид на кривично дело(а): Насилство (Чл.386).
Сторител(и): Двајца непознати сторители, албанци од машки пол.
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Мотивот на пристрасност во овој инцидент се сексуалната ориентација и сексуалниот идентитет, додека индикатори на пристрасност во овој инцидент се:
1. Перцепција на жртвата – жртвата смета дека инцидентот е злосторство од омраза.
2. Природа на насилството– Инцидентот бил извршен во јавност.
3. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Непријавен (по избор на жртвата).
Одговор на надлежните власти: Н/Д.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедноста состојба на сексуалните малцинства во земјата.

79. Четворица повредени во тепачка во автобус од јавен градски превоз, линија бр. 64-а (верифицирано)

Што се случило: Според очевидците, во автобусот од јавен градски превоз бр. 64-а, група од околу петнаесет момчиња и девојчиња Албанци, нападнале три момчиња Македонци, претепувајќи ги со ремените. Четворица малолетници се пожалиле дека претрпеле повреди. Очевидците изјавиле дека групата Албански малолетници веќе подолго време ги тероризирала патниците. МВР изјави дека двете групи започнале тепачка.
Датум, време и место на инцидентот: 4 ноември, 14:20 часот, јавен градки автобус бр. 64-а, бул „Партизански одреди", Скопје.
Извор на информацијата: Локалниот електронски медиум „прес24.мк", Дневниот билтен на МВР.
Вклучена(и) жртва(и): Тројца или четворица малолетници. Тројца од нив се Македонци.
Вид на кривично дело(а): Учество во тепачка (Чл.132), Насилство (Чл.386), Телесна повреда (Чл.130), Загрозување на сигурноста (Чл.144).
Сторител(и): Група од околу петнаесет млади (15-20-годишни) Албанци.
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Мотивот на пристрасност во овој инцидент е етничкото потекло, државјанство или јазик, додека индикатори на пристрасност во овој инцидент се:
1. Разлика помеѓу сторителот и жртвата според етничка основа - Според очевидците, етничкото потекло на сторителите се разликувало од она жртвата.
2. Природа на насилството – Инцидентот бил извршен во јавност.
3. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Под истрага.
Одговор на надлежните власти: Министерството за внатрешни работи одговори на Барање за информации од јавен карактер испратено од Комитетот, дека се поднесени барања за поведување прекршочна постапка против девет лица на возраст од 15-19 години.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

80. Тепачка помеѓу ученици во скопското средно училиште „Зеф Љуш Марку“ (неверифицирано)

Што се случило: Неколку ученици започнале тепачка во скопското средно училиште „Зеф Љуш Марку“. Неопходна била полициска интервенција за да се запре тепачката.
Датум, време и место на инцидентот: 7 ноември, 18:00 часот, скопско средно училиште „Зеф Љуш Марку“.
Извор на информацијата: Локалниот електронски медиум „плусинфо.мк“ (plusinfo.mk).
Вклучена(и) жртва(и): Неколку средношколци со непознато етничко потекло.
Вид на кривично дело(а): Учество во тепачка (Чл.132), Насилство (Чл.386).
Сторител(и): Неколку средношколци со непознато етничко потекло.
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Во овој инцидент, мотивот на пристрасност е етничкото потекло, државјанството или јазикот, додека индикаторите на пристраност се:
1. Претпоставена разлика помеѓу сторителот и жртвата според етничка основа - Поради мешатниот етнички состав на училиштето што го посетуваат учениците, етничката припадност на жртвата можно е да се разликува од онаа на сторителите.
2. Природа на насилството – Инцидентот бил извршен во јавност.
3. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Непознат.
Одговор на надлежните власти: Министерството за внатрешни работи одговори на Барање за информации од јавен карактер испратено од Комитетот, дека се поднесени барања за поведување прекршочна постапка против седум лица на возраст од 16-18 години.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

81. Еден ученик бил прободен во близина на средното училиште „Здравко Цветковски“ (верифицирано)

Што се случило: По вербална расправа, петнаесет-годишен ученик од албанско етничко потекло од скопското средно училиште „Здравко Цветковски“ прободел шеснаесет-годишен ученик од македонска етничка припадност од истото учичиште. Според медиумите, неколку дена подоцна директорот на училиштето и класниот раководител на жртвата ги замолил родителите на жртвата да го префрлат нивниот син во друго училиште со цел да се избегнат понатамошни инциденти.
Датум, време и место на инцидентот: 26 ноември, 10:30 часот, Трговски центар „Лептокарија“, во близина на средното училиште „Здравко Цветковски“ во Скопје.
Извор на информацијата: Национална телевизија „Канал 5“, национален весник „Дневник“.
Вклучена(и) жртва(и): Еден 16-годишен средношколец со македонско етничко потекло.
Вид на кривично дело(а): Насилство (Чл.386), Тешка телесна повреда (Чл.131).
Сторител(и): Еден 15-годишен средношколец со албанско етничко потекло.
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Во овој инцидент, мотивот на пристрасност е етничкото потекло, државјанството или јазикот, додека индикаторите на пристраност се:
1. Разлика помеѓу сторител и жртва според етничка припадност.
2. Природа на насилството – Инцидентот бил извршен во јавност.
Статус на случајот: Непознат.

Одговор на надлежните власти: Министерството за внатрешни работи одговори на Барање за информации од јавен карактер испратено од Комитетот, дека е поднесеа Кривична пријава против едно лице за кривично дело Насилство.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

82. Еден ученик бил избоден, тројца други повредени во меѓуетничка тепачка во Тетово (верифицирано)

Што се случило: Избила тепачка во тетовското средно училиште „Кирил Пејчиновиќ“ кога група млади Албанци влегла во просториите на училиштето каде се држат часови само на македонски јазик. Кога групата влегла во просториите, службата за обезбедување на училиштето не ги спречила, и наскоро потоа избувнала расправија помеѓу групата Албанци и неколку ученици од училиштето. Расправијата преминала во тепачка, каде петнаесет-годишен Албанец од Тетово прободел шеснаесет-годишен средношколец со македонско етничко потекло од тетовското средно училиште „Кирил Пејчиновиќ“. Повредени биле уште тројца други. Останатите часови биле откажани, а полицијата ги испратила учениците од средното училиште до нивните домови.
Датум, време и место на инцидентот: 28 ноември, 15:30 часот, средно училиште „Кирил Пејчиновиќ“ во Тетово**.**
Извор на информацијата: Националната телевизија „Телма“, националниот електронски медиум Press24.mk. (пресс.24.мк)
Вклучена(и) жртва(и): Еден 16-годишен средношколец - Македонец, тројца други млади со неоредено етничко потекло.
Вид на кривично дело(а): Насилство (Чл.386), Тешка телесна повреда (Чл.131), Учество во тепачка (Чл.132), Загрозување на сигурноста (Чл.144), Загрозување со опасно орудие при тепачка или караница (Чл.133).
Сторител(и): Група на млади Албанци.
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Во овој инцидент, мотивот на пристрасност е етничкото потекло, државјанството или јазикот, додека индикаторите на пристраност се:
1. Разлика помеѓу сторител и жртва според етничка основа.
2. Природа на насилството – Инцидентот бил извршен во јавност.
3. Време – инцидентот се случул на Денот на албанското знаме.
Статус на случајот: Непознат
Одговор на надлежните власти: Министерството за внатрешни работи одговори на Барање за информации од јавен карактер испратено од Комитетот, дека е поднесеа Кривична пријава против едно 15 годишно лице за кривично дело Обид за убиство, како и две кривични пријави против 15 годишни лица за дело Соучесништво.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

83. Избодување помеѓу млади луѓе на Денот на албанското знаме (верифицирано)

Што се случило: На Денот на албанското знаме дошло до тепачка што кулминирала со избодување помеѓу млади луѓе во близината на скопското средно училиште „Цветан Димов“. Повредените

млади биле Албанци и по инцидентот биле пренесени во Градската болница во Скопје нс медицински третман.
Датум, време и место на инцидентот: 28 ноември, 15:30 часот, во близина на скопското средно училиште „Цветан Димов“, општина Чаир.
Извор на информацијата: Националниот весник „Нова Македонија“.
Вклучена(и) жртва(и): Двајца Албанци (18 и 26-годишна возраст).
Вид на кривично дело(а): Насилство (Чл.386), Тешка телесна повреда (Чл.131), Учество во тепачка (Чл.132), Загрозување на сигурноста (Чл.144), Загрозување со опасно орудие при тепачка или караница (Чл.133).
Сторител(и): Група млади со непознато етничко потекло.
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Во овој инцидент, мотивот на пристрасност е етничкото потекло, државјанството или јазикот, додека индикаторите на пристраност се:
1. Природа на насилството – Инцидентот бил извршен во јавност.
2. Време – инцидентот се случил на Денот на албанското знаме.
Статус на случајот: Под истрага.
Одговор на надлежните власти: Министерството за внатрешни работи одговори на Барање за информации од јавен карактер испратено од Комитетот, дека е поднесен Извештај за примање кривична пријава против непознат сторител за кривично дело Тешка телесна повреда.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

84. Едно момче избодено на денот на одбележување на албанското знаме (верифицирано)

Што се случило: Во близината на плоштадот „Скендербег“, во текот на одбележувањето на Денот на албанското знаме, 20-годишен Албанец бил избоден неколку пати со остар предмет.
Датум, време и место на инцидентот: 28 ноември, неодредено време, во близина на плоштадот „Скендербег“, Скопје.
Извор на информацијата: Националниот веник „Нова Македонија“.
Вклучена(и) жртва(и):. Еден 20-годишен Албанец.
Вид на кривично дело(а): Насилство (Чл.386), Тешка телесна повреда (Чл.131), Загрозување со опасно орудие при тепачка или караница (Чл.133).
Сторител(и): Непознато.
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Во овој инцидент, мотивот на пристрасност е етничкото потекло, државјанството или јазикот, додека индикаторите на пристраност се:
1. Природа на насилството – Инцидентот бил извршен во јавност.
2. Време – инцидентот се случил на Денот на албанското знаме.
3. Шема на претходни инциденти – ова е третото избодување што се случило на Денот на албанското знаме помеѓу млади лица.
Статус на случајот: Под истрага.
Одговор на надлежните власти: Министерството за внатрешни работи одговори на Барање за информации од јавен карактер испратено од Комитетот, дека ги преземаат потребните мерки за целосно разјаснување на случајот.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

85. Полициски службеник и членови на навивачки клуб, повредени во Тетово (верифицирано)

Што се случило: Група од околу 30-40 членови на навивачкиот клуб на ФК „Вардар“ - „Комити“ пристигнале на стадионот ненајвени и се обиделе да влезат и да го гледаат мечот помеѓу ФК „Ренова“ и ФК „Вардар“. Организаторот на натпреварот не им дозволил да влезат, а во меѓувреме околу нив се собрала поголема група од навивачи од спротивниот тим. Дошло до вербална расправија и размена на навреди, проследена со фрлање камења помеѓу членови од двата навивачки клубови. Полицијата интервенирала, спречувајчи понатамошна ескалација на инцидентот. Еден полициски службеник бил повреден. Според „Комити“, неколку од нивните членови претрпеле повреди како резултат на полициската интервенција.
Датум, време и место на инцидентот: 6 декември, 13:30 часот, градскиот стадион во Тетово.
Извор на информацијата: Националниот електронски медиум „А1он.мк“ (A1on.mk) и „екипа.мк“ (ekipa.mk).
Вклучена(и) жртва(и): Еден полициски службеник.
Вид на кривично дело(а): Насилство (Чл.386), Учество во тепачка (Чл.132), Загрозување на сигурноста (Чл.144), Загрозување со опасно орудие при течачка или караница (Чл.133) Напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста (Чл. 383).
Сторител(и): 30-40 членови на навивачкиот клуб „Комити“ и непознат број на навивачи за ФК „Ренова“.
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Во овој инцидент, мотивот на пристрасност е етничкото потекло, државјанството или јазикот, додека индикаторите на пристраност се:
1. Разлика помеѓу етничката припадност на жртвата и сторителот.
2. Природа на насилството – Инцидентот бил извршен во јавност.
3. Време – инцидентот се случил пред фудбалскиот натпревар помеѓу ФК „Ренова“ и ФК „Вардар“.
4. Локација и време – На инцидентот му претходело присуство на малцинска група (македонски навивачи) во доминанта албанска средина.
Статус на случајот: Непознат.
Одговор на надлежните власти: Министерството за внатрешни работи одговори на Барање за информации од јавен карактер испратено од Комитетот, дека ги преземаат потребните мерки за целосно разјаснување на случајот.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

86. Малолетник бил нападнат од група на четворица непознати сторители поради својата сексуална ориентација (верифицирано)

Што се случило: Малолетник бил физички нападнат од група на четворица непознати сторители поради неговата сексуална ориентација. Кога групата поминувала покрај жртвата еден од нив го удрил, обраќајќи му се со зборовите: „Губи се од овде, педеру!“ Потоа, групата ја следела жртвата во текот на следните 10-15 минути.
Датум, време и место на инцидентот:. 8 декември, 19-20 часот, место познато како Адвокатска улица, бул. „Крсте Мисирков“, Скопје.
Извор на информацијата: интервју со жртвата.
Вклучена(и) жртва(и): Малолетник бил физички нападнат, но не бил повреден.
Вид на кривично дело(а): Насилство (Чл.386).

Сторител(и): Четворица непознати сторители.
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Мотивот на пристрасност во овој инцидент е сексуалната ориентација на жртвата, додека индикатори на пристрасност во овој инцидент се:
1. Перцепција на жртвата – жртвата смета дека инцидентот е злосторство од омраза
2. Локација – Инцидентот се случил во област позната како област каде што се движат ЛГБТИ.
3. Природа на насилството – Инцидентот бил извршен во јавност.
4. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Непријавен (по избор на жртвата).
Одговор на надлежните власти: Н/Д.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедноста состојба на сексуалните малцинства во земјата, особено на оние локации кадешто е познато дека се движат.

87. Демолирана подрачната канцеларија на ДУИ во Чаир (неверифицирано)

Што се случило: Непознати сторители ја демолирале подрачната канцеларија на ДУИ во скопската општина Чаир.
Датум, време и место на инцидентот: 24 декември, општина Чаир, Скопје.
Извор на информацијата: Националниот електронски медиум „курир.мк“ (албанското издание).
Вклучена(и) жртва(и): Освен материјалната штетна, немало директни жртви во овој инцидент.
Вид на кривично дело(а): Оштетување туѓи предмети чл. 243 КЗРМ .
Сторител(и): Непознат(и).
Краток опис на инцидентот со индикатори за пристрасност: Во овој инцидент, мотивот на пристрасност е политичката припадност или политичкото убедување, додека индикаторите на пристраност се:
1. Локацијата – метата е место што има политичко значење за целната група.
2. Недостаток на други мотиви.
Статус на случајот: Под истрага.
Одговор на надлежните власти: До моментот на пишувањето на овој извештај Полицијата не одговорила на Барањето за информација од јавен карактер што беше испратено од Комитетот во врска со овој инцидент.
Влијание врз жртвата(ите) и заедницата: Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата политичка состојба во земјата, и соживотот помеѓу различните групи во општеството.

RAPORT VJETOR
PËR KRIMET NGA URREJTJA NE

NË VITIN 2014

Ky raport është mundësuar me mbështetjen e Misionit të OSBE-s në Shkup në kuadër të projektit për “Avancimin e infrastrukturës kombëtare kundër krimeve të urrejtjes dhe gjuhës së urrejtjes”. Përmbajtja e këtij publikimi nuk përfaqëson medoemos këndvështrimin apo qëndrimin e Misionit të OSBE-së në Shkup.

Organization for Security and Co-operation in Europe
OSCE Mission to Skopje